СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Третото продолжение на Шеесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 1 октомври 1993 година

Скопје, октомври 1993 година

**ДИСКУТАНТИ НА III-то ПРОДОЛЖЕНИЕ НА 67-та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РМ, ОДРЖАНА НА 1.X.1993 ГОДИНА, стр.128**

1. АЛИУ ХАМИД - 10, 70
2. АЈДАРАГА ГАЗМЕНД - 15, 70
3. АБДИ ФАИК – 24, 75
4. АНДОВ СТОЈАН - 30, 60
5. АРСОВСКИ БРАНКО - 78
6. ГОШЕВ ТУШЕ - 111, 113
7. ГОШЕВ ПЕТАР - 24, 61, 62
8. ГЕОРГИЕВ ПЕТАР - 22
9. ДИМОВ ТОДОР - 14
10. ДИМИТРОВСКИ ДИМИТАР – 84, 86
11. ЃОРЃЕСКИ ДУШКО - 40
12. ЃОРГИЕВ ПЕТАР - 47
13. ИВАНОВ ИВАН - 5
14. ИВАНОВ ЉУБОСАВ - 33, 36, 57
15. КОВАЧЕВСКИ СТОЈАН - 39
16. МЛАДЕНОВ ВАНЧО - 11, 29, 33, 73
17. МАНЧЕВСКИ ЈОВАН - 35
18. МИЛКОВСКИ СТРАШО - 59
19. МИНОВ ПАНЧО - 121, 124, 126
20. МУРТЕЗАНО АВДИ - 122, 123
21. ПАНОВСКИ МИХАИЛ - 88
22. ПЕТРОВ ТОДОР - 66, 122
23. ПОПОВСКИ ДИМИТАР - 52
24. ПРЕВАЛА ШАБАН - 27, 45
25. СИМЈАНОВСКИ НАУМ - 43, 72
26. СТОЈАНОВСКИ НИКОЛА - 39
27. СТОЈАНОВА СЛАВЈАНКА - 17, 19, 53
28. ТОДОРОВА С0ФИЈА - 20, 32 (министер за развој)
29. ТРПЕНОВСКИ ДИМИТАР - 34
30. ТАИРИ ЏЕЛИЛ - 87, 123
31. ХАНЏИСКИ БЛАГОЈ - 32, 36

седницата продолжува

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Третото продолжение на Шеесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 1 октомври 1993 година

Седницата се одржа во просториите на Собранието, сала 1, со почеток во 12,05 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Стојан Андов, претседател на Собранието

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам да се повикаат сите пратеници во салата и да седнат на своите места.

Молам, службите да го утврдат точниот број на пратеници во салата.

Педесет и осум пратеници се присутни.

Ве Молам да се погрижиме да влезат барем уште 4 пратеници.

Сега имаме 61 пратеник во салата и Молам пратениците да не излегуваат за да можеме да работиме.

Пратениците Биљана Лазаревска, Киро Поповски и Санде Давчев ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Ве известувам дека пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ писмено ме извести, поради меѓународни активности не е во можност да присуствува на денешната седница.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува

I/2.- ПЈ-ВБ

Бидејќи ние го завршивме претресот, го заклучивме, на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието на Република Македонија го усвои Предлогот за донесување на закон за експропријација и за ограничување на сопственоста.

2. Собранието на РМ предлага Владата да изготви и на Собранието да му достави Нацрт на закон при што да ги има предвид мислењата и укажувањата содржани во извештаите на работните тела на Собранието во расправата, во претресот овде, како и забелешките на пратеникот Кирил Ковачевски.

3. Овој заклучок заедно со извештаите на работните тела на Собранието на РМ, како и забелешките на пратеникот Кирил Ковачевски, како и забелешките и предлозите од расправата, до претресот да се достават до Владата на РМ и Министерството за финансии.

Кој е за предложениот заклучок, Молам да крене рака?

60 пратеници гласаа за.

Дали е некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (еден)

Ве известувам заради уставните решенија дека јас денес не гласам. Бидејќи претседателот е отсутен и кога го заменува претседателот на Собранието, претседателот не гласа. Да нема недоразбирања зошто не гласам. Не е тоа однос кон проектот.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Минуваме на **точката 5** - Предлог за донесување на закон за управата за јавни приходи.

Предлогот за донесување на законот и извештаите на ЗПК и Комисијата за финансирање и буџет, како и забелешките на пратеникот Тодор Петров, ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор^Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието на Република Македонија го усвои предлогот за донесување на закон за управата за јавни приходи.

2. Собранието на РМ предлага Владата да изготви и на Собранието да му достави предлог на закон, при што да ги има предвид мислењата и укажувањата содржани во извештаите на работните тела на Собранието, како и забелешките на пратеникот Тодор Петров.

3. Овој заклучок заедно со извештаите на работните тела на Собранието на РМ, како и забелешките на пратеникот Тодор Петров да се достават до Владата на РМ и Министерството аз финансии.

Кој е за предложениот заклучок, Молам да крене рака?

59 пратеници се за.

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (еден)

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок,

Минуваме на **точката 6** - Предлог за донесување на закон за мерките за ограничување на слободата на пазарот и претмништвото.

Предлогот за донесување на законот и извештаите на ЗПК и Комисијата за стопанство ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието на Република Македонија го усвои предлогот за донесување на закон за мерките за ограничување на слободата на пазарот и претприемништвото.

2. Собранието на РМ предлага Владата да изготви и на Собранието да му достави предлог на закон при што да ги има предвид мислењата и укажувањата содржани во извештаите на работните тела на Собранието.

3. Овој заклучок заедно со извештаите на работните тела на Собранието на РМ да се достави до Владата на РМ и Министерството за стопанство.

Кој е за предложениот заклучок, Молам да крене рака?

60 пратеници гласаа за.

Дали е некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање? (еден)

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Минуваме на **точката 7** - Предлог за донесување на закон за платен промет.

Предлогот за донесување на законот и извештаите на ЗПК и Комисијата за финансирање и буџет, Комисијата за стопанство и Комисијата за економска политика и развој и забелешките на пратеникот Кирил Ковачевски Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Господин Таири.

**ЏЕЛИЛ ТАИРИ:**

Почитувани пратеници, во својство на известител на Комисијата за економска политика и развој ценам за потребно да ве информирам за

следното дека во извештајот стои Комисијата расправаше по предлогот на законот за платен промет и истата го усвои како прва фаза. Со оглед на тоа дека оцени дека треба да се скрати одредена фаза и ова да се разгледа како нацрт. Тоа е предлогот на Комисијата за економска политика и развој. А исто така даде одредени забелешки по однос на тоа дека во законот не се вршат во целост одредени порадикални промени. Исто така, во Комисијата беше расправано и за дефинирањето на носителите на платниот промет, околу носителите кои ќе вршат платен промет беше оценето дека и банките можат да вршат платен промет, меѓутоа, тоа е дискутабилно прашање дали тие имаат техничка и кадровска опременост итн. Тоа останува сигурно во наредните фази да се дефинира дали се спремни итн. Сметам дека односно овде и во извештајот го имате доста некои технички, па и други забелешки, јас не би сакал да ве замарам со тоа, меѓутоа, да заклучам со тоа дека Комисијата го поддржа предлогот за донесување на закон со овие напомени.

**ИВАН ИВАНОВ:**

**П**очитуван претседателе, почитувани колеги и пратеници, би сакал да изнесам неколку мои лични согледувања во поглед на донесувањето на законот за платниот промет што овде е и предмет на расправа. Донесувањето на. законот за регулирањето на платниот промет е неопходност и заради тоа го поддржувам ваквиот предлог. Се залагам донесувањето на овој закон да оди во една редовна постапка за да се обезбедат предуслови за утврдување на најповолни и квалитетни решенија, со кои ќе се овозможи ефикасно и рационално извршување на платниот промет. А со обезбедување на слободна и доминантна улога на сопствениците и корисниците на средствата, всушност во услови на веќе утврдена сопственост на капиталот. Треба во основа да се отстапи од

досегашниот принцип, односно грижата за чување на капиталот и средствата да се довери на да не се доверува и да не се бара тоа да го вршат некои установи или наметнати институции, а да се приоѓа со недоверба и строга контрола спрема сопствениците, односно корисниците на средствата, бидејќи можам слободно да кажам најдобар чувар на средствата и капиталот може да биде оној на кој што практично му припаѓаат средствата и капиталот.

Со решенијата во законот, всушност, треба да се создадат предуслови за извршувањето на платниот промет, на единствен, професионален и единствен начин односно самостален начин без можност за влијание од државата и политичките структури. За жал, понудените решенија содржани во Предлог на законот, мислам на поедини што се дадени во предлогот за донесувањето на закон и извршувањето на платниот промет не се добри и како такви за мене се и неприфатливи. Во тој контекст поконкретно сакам да укажам на дел од таквите решенија.

Најпрво, сакам да укажам дека во понуденото решение сеуште се задржува стариот принцип а тоа практично се наметнува на корисниците односно сопствениците на средствата некој друг во улога на посериозен или поодговорен да ја врши таа функција, а не и на оние кои што располагаат односно се сопственици на средствата.

Другата моја констатација или забелешка е што во законот не е во целост уредено статусот на институцијата што треба да го обавува таквиот промет со сите свои права и обврски, ниту во целост се уредуваат работите и нејзините функции во вршењето на координацијата и обединувањето на платниот промет меѓу носителите и учесниците на платниот промет. Ова дотолку повеќе е важно што нејзините функции на

тој план со пренесувањето на платниот промет кај Народна банка и деловните банки од 1 јануари 1996 година во голема мера се губат, а со законот тие прашања воопшто не се квалитетно уредени.

Во законот исто така, не е целосно уреден статусот на раководителот на институцијата во спроведувањето на законот практично треба да се уредуваат овие работи така тие да бидат попрецизно уредени, а не таа работа да се препушта од случај на случај на Владата или на друг државен орган да води дневна политика. И на тој начин да ги врши овластувањата или да ги стеснува овластувањата во уредувањето на платниот промет. Од тие причини, а имајќи предвид дека јавните овластувања кои што треба да ги добијат оваа функција изразена преку раководителот, треба да бидат регулирани на еден рационален начин, кој што ќе биде од трајна и единствена природа.

Понатаму, иако оваа институција во Законот е предвидена како самостална, стручна, независна организација, во тој дел, како што веќе и реков главна улога за нејзината работа во, иднина треба да има спрема понуденото решение Владата. Владата си има свои овластувања, секако, меѓутоа оваа институција мора да биде самостална, која што треба за своето работење да одговара. Мислам дека тој дел, тие ингеренции кои што се уредени во понуденото решение треба, пред се,да припаднат на Собранието во делот и изборот и контролата на извршувањето на функцијата, односно за својата работа Службата да одговара пред Собранието.

Од ваквиот концепт на Закон кој што е понуден произлегува дека таа не е самостојна, ниту независна и стручна институција туку е директно подредена за својата работа на Владата. Наспроти на ваквите решенија по мое уверување оваа институција треба да биде самостојна во вршењето на надлежностите уредени со закон да даде една поголема

I/8.-

самостојност во извршувањето на платниот промет на сопствениците на средствата и корисниците на средствата таа треба да има посебен орган на раководење и управување, кои треба да бидат бирани од Собранието на Република Македонија и за својата работа, како што веќе и реков да биде одговорна пред Собранието на РМ.

Понатаму, надлежностите на носителите на платниот промет утврдени во член 4, 8, 18 и 56 не се најправилно регулирани во делот на координирањето и функционирањето на платниот промет. А вака како што се дадени, тие ќе создадат големи недоразбирања и проблеми во обавувањето на платниот промет. Ова оттаму иде што во член 4 е предвидено дека секој учесник во платниот промет може 4 да остварува односно да има своја сметка кај еден од носителите на платниот промет. А имајќи предвид дека тоа може да биде на повеќе места, автоматски членот 54 од законот кој ја предвидува оваа можност практично е во колизија со член 18, став 1, а со тоа практично од 1 јануари 1996 година кога треба да стапи на снага ваквата регулатива, автоматски ќе дојде до појава на ваквите можни недоразбирања и проблеми.

Оттаму, индиректната определба во членот 56 од Законот сите учесници во платниот промет да имаат сметка кај институцијата од 1-1996 година не е до крај спроводлива, а во суштина значи и намалување на досегашните права на деловните банки како носители на платниот промет.

Понатаму, во Законот не е даден преоден период за примена на новиот концепт на платниот промет и функционирањето на институцијата за платниот промет. Оттука, неопходно е потребно во преодните одредби ова прашање поконкретно да се регулира и да се даде можност за едно поквалитетно вклопување и угодување на новиот концепт кој што ќе биде регулиран со овој закон.

Исто така, останува отворено прашањето во извршувањето на дел од работите кои денес се во надлежност или извршуваат од други државни органи. Пред се, мислам во областа на инспекцијата, контролата, финансиското работење, односно денес дел од тие работи се во надлежност на Министерството за внатрешни работи и управата за јавни приходи. Затоа, се поставува логично прашањето како и од кога и како во иднина ќе бидат извршувани и од кого ќе бидат извршувани ваквите надлежности.

Затоа, донесувањето на овој закон мора да биде поставено во пакет со останатите закони, кои треба да ги дефинираат сродните работи. Затоа, се залагам уредувањето и донесувањето на овој закон да оди паралелно во соодветна координација и корелација со другите закони од оваа област. Верувам дека во понатамошната постапка за утврдувањето на текстот на овој закон ќе бидат почитувани моите искажувања, а сум спремен и да дадам поконкретни решенија во делот на поедините прашања по кои изнесов и свои забелешки.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Хамид Алиу.

**ХАМИД АЛИУ:**

Дами и господа, ценето претседателство, платниот промет како важен сегмент на стопанско финансискиот систем на земјата е од посебно значење. За успешното функционирање на финансискиот систем досега имавме платен промет кој беше уреден со Законот за службата на општествено книговодство. Што значи платниот промет на една земја на сите ни е познато. Не сум за преструктуирање на постојните институции на платниот промет или за начинот на организирање на истите. За мене е битно дефинирањето на носителите на платниот промет не е логично во Нацрт законот почнувајќи од членот 39 до 45 кои се однесуваат на организирање на заводот на платниот промет, треба овде да расчистиме, дали ние е целта да ги вработиме постојните од Службата за општествено книговодство, практично дали ни е целта социјала, или што ни е целта, или ни е целта да имаме нов концепт на платниот промет.

Ако треба да имаме нов концепт на платниот промет, јас лично сум за дефинирање на носителите, тоа е прво, а од друга страна ако знаеме дека во развиените земји со пазарно стопанство на кој начин и како е организиран платниот промет тогаш се знае кој се носителите на платниот промет, а тие се банките.

Ако вака ние продолжиме како што имаме обичај да формираме заводи, практично тогаш зашто да не го оставиме истото што го имаме. За нов начин и за нов концепт се залагам дека овој Нацрт закон да се врати назад и да се дефинира носителот односно да има нов концепт на платниот промет, а не како досега што го имавме.

II/2.-

**ВАНЧО МЛАДЕНОВ:**

Почитувани пратеници, јас сум еден од пратениците кои се залагаат односно кои ја поддржуваат потребата од донесување на овој закон, а исто така во целост го поддржувам ставот односно заклучокот на Комисијата за економска политика и развој која во текот на разгледувањето на овој закон од самата Комисија заклучивме да се скрати постапката за донесување на овој закон односно да се избегне фазата Нацрт бидејќи чувствуваме дека времето до крајот на годината е кратко и доколку оди во сите фази не би успеале тој закон да биде навистина донесен до крајот на годината за да може практично да отпочне да функционира од почетокот на 1994 година. Од таа причина го поддржувам Предлогот, а следната фаза да биде Предлог на закон бидејќи не е толку обемен, а се однесува на проблематика која е веќе доста позната.

Меѓутоа, би сакал да искористам можност да укажам на неколку значајни моменти мислам дека треба да бидат земени во предвид во дефинитивното оформување на овој проект односно на текстот на Предлогот на законот.

Имено, мислам дека е потребно да се избегне монополот во вршењето на ова значајна функција во стопанскиот живот и со овој закон барем во наредните две години се дава исклучиво право оваа функција да ја врши Заводот за платен промет, а исто така би сакал на почетокот да кажам една моја сугестија околу самиот назив на оваа институција. Ми се чини дека терминот Завод не ми е доста прифатлив и би предложил да се најде некое друго поадекватно решение со тоа што на некој начин самиот назив би се дозволило и други, субјекти да можат рамноправно да се вклучат во изведувањето на оваа фунција, бидејќи морам да кажам дека е доста значајна особено овие денови да не речам актуелно е и во

подрачјето од каде јас доаѓам, брзината на преносот на средствата и начинот и слободата на користењето на средствата со кои располагаат сопствениците на тие средства односно на жиро сметките.

Имено, процес е на откуп на земјоделски производи во струмичко во кој најуспешен откуп може да изведе само онаа организација односно оној стопански субјект кој во моментот располага со средства. Голем број на стопански субјекти во Струмица даречеме имаат или на своите жиро сметки позначајно одредени средства или се во функција односно во фаза на дозначување, меѓутоа со огромното каснење од 5, 10 и 15 дена на тие средства кои не се во состојба да дојдат на тие жиро сметки, а уште повеќе не се во состојба тие исти средства да бидат подигнати .во ќеш бидејќи морам да ви кажам плаќањето во Струмица е интересно односно кој откупува производи на пазарот на берзата во Струмица оној кој може веднаш на самите земјоделски производители да им исплаќа во ќеш, а сето тоа може да го овозможи само институција односно стопански субјект. Кој реков, може слободно да располага со тие средства и е во состојба тие средства да може да ги подигне во секој момент за да може да ја врши таа функција.

Оттука најзначајно ќе биде да се овозможи да тие институции односно таа институција која ќе го обавува тој платен промет да биде во состојба во што пократко време средствата да бидат префрлувани, пренесувани од еден стопански субјект на друг од еден град во друг, за да можат тие средства што побрзо да можат да се користат и да ја обавуваат основната функција односно плаќањето на робата односно плаќањето на обврските кој ги имаат стопанските субјекти.

II/4.-

Исто така, на некој начин мислам дека е доста прецизно кажано, меѓутоа според моја оценка е доста јасно кажано, кој ќе ја одредува цената на услугата за вршење на тој платен промет. Мислам дека на некој начин овде е дадено право на Владата односно на тие кој ќе ја вршат таа услуга. Мислам дека треба овде на некој начин да имаат учество во одредуваше на цената и самите корисници на таа услуга бидејќи не би било коректно, морам да кажам дека таа услуга не е баш така мала и не така значајни средства се одвојуваат за таа услуга, меѓутоа не сум упатен и не знам навистина какви се вистинските трошкови околу вршењето на таа услуга, меѓутоа мислам доколку би имало повеќе учесници и доколку има услови за конкуренција тој распон за таа услуга може да биде од една големина до друга големина за да може да има простор да одредените учесници во тој платен промет да прават меѓусебна конкуренција, а тоа да овозможува стопанските субјекти односно носителите на жиро сметките да се случуваат кај кој да ја дадат својата жиро сметка и кој ќе биде во можност навистина таа услуга да ја врши како што реков најбрзо, не^ефикасно и најкорисно.

Овие се на некој начин според мое мислење моменти кои можам да кажам дека не се вградени во предлогот за донесување на тој закон, меѓутоа мислам дека не се доволно прецизирани и не се доволно јасни и не се доволно конкретизирани, а оттука е и можноста тие да бидат потенцирани во текот на оваа расправа за да може во изготвувањето на дефинитивниот текст на овој закон да бидат прецизирани и со тоа практично да се овозможи побрза и пореална примена на овој закон.

II/5.-

**ТОДОР ДИМОВ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, бидејќи ова е прва фаза за донесување на закон односно ние како пратеници треба да одлучиме дали има потреба за донесување од овој закон или не, веднаш на почетокот да кажам дека јас сум за донесување на овој закон. Настанатите промени во општествено - политичкиот и стопанскиот систем условија преструктуирање на постојните институции што вршеа одделни работи за тој систем.

Преструктуирањето на работите на платниот промет и дефинирање на носителите на платниот промет, добро организиран платен промет дава голема предност не само за успешните учесници во платниот промет туку и на стопанството и во целина. Платниот промет добро функционира ако е брз и ефикасен со што придонесува за нормално одвивање на процесот на репродукција, за зголемување на ликвидноста,а со тоа и за стопанската активност во земјата. Добро е тоа што со законот се утврдува обврска за учесниците во платниот промет сите парични средства да ги водат на една сметка отворена кај еден од носителите на платниот промет.

Решенијата на законот во однос на вршење на работата на платен промет преку Завод за платен промет претставува преодно решение додека не се создадат соодветни услови за функционирање на платниот промет да се одвива во рамките на Народна банка на Македонија и банките. Нашата пратеничка група покрена процес на организирање на платен промет на неколку наврати. За жал еве Владата успеа со задоцнување да ни предложи во прва фаза закон за организирање на платниот промет.

II/6.-

Во однос на предложениот закон имам свои забелешки и тоа: Прво, не е целосно уредено управувањето со Заводот, а посебно статусот на директор во Заводот.

Втора забелешка, не е разрешено прашањето на многу обврски на СОК во претходните донесени закони веднаш по донесување на Уставот на Република Македонија, како на пример член 103 од Законот за трансформација на општествениот капитал каде што СОК беше задолжена да врши контрола во организациите за општествен капитал и тоа кај малите во рок од една година, а кај големите за две години. Со овој закон а и со претходниот закон за управата за јавни приходи воопшто не е спомнат.

Трето, воопшто не е уредено прашањето на приемот и изработка на периодични пресметки кои согласно Законот за сметководство член 79 правните лица се обврзани да ги доставуваат до институција за платен промет. Што значи со овој закон воопшто не е споманата постапката во врска со прием и обработка на периодични пресметки.

Четврто за да се обезбеди редовно и континуирано извршување на работите од платен промет од кој заврши успешното функционирање на стопанството во Републиката неминовно е при донесување на овој закон да се воспостави соодветна корелација со другите закони што имаат битно влијание на извршување на платниот промет.

Благодарам.

**ГАЗЕМНД АЈДЕРАГА:**

Почитувани пратеници, најпрво го поздравувам односно го поддржувам предлогот за донесување на закон за платен промет, а ќе кажам само две три мали забелешки како што јас ги гледам работите во однос на предлогот.

Член 8 го регулира правото и вели да носителот на платниот промет е должен за состојбата на сметките на учесниците на платниот промет да ја извести Управата за јавни приходи. Лично мислам дека овој член не треба да стои бидејќи тоа прашање е подобро регулирано во член 16 и предлагам овој член да отпадне. Тоа, уште повеќе, ако се залагаме оваа институција да ни биде независна и во врска со тоа ќе кажам дека имам забелешка на еден посебен член ми се чини член 42, но да одам поред.

Член 12 го регулира прашањето дека паричните средства на учесниците во платниот промет се евидентираат на сметките кај Заводот, дневно се вклучуваат како депозит итн. Јас би рекол денеска времето бара не дневно туку секој час состојбите треба да ги имаме јасни бидејќи тоа е сега' возможно. Ние не можеме да чекаме дневно дали се доспеани средствата, па да видиме утре каква ни е таа состојба. Мислам дека оваа институција треба да ни биде така организирана во секој момент состојбите да ни бидат јасни и чисти. Денеска од Скопје се префрлени во Дебар парите и за 15 минути треба, да знаеме дека се префрлени парите. Тоа е компјутерски сега. Мислам дека тоа можеме да го чиниме. Затоа се залагам да не биде вака како што е речено тука дневно туку тоа да го регулираме побрзо.

Пред малку реков дека не се слагам всушност реков барам оваа институција да биде независна, меѓутоа одредбите од член 42 тоа не го овозможуваат затоа што вели "Владата на РМ ги потврдува Статутот, Финансискиот план, Годишната пресметка и тарифата на Заводот, го именува и разрешува директорот на Заводот. Ако оваа владина институција тогаш не може да биде независна и според тоа мислам и предлагам член 42 да отпадне, да имаме друго решение.

II/8.-

Овде во никој случај не би смеело ние да имаме институција која ќе биде зависна од Владата бидејќи велиме дека е институција за платен промет, ако таа биде зависна од Владата тогаш може да се знае , имаме искуство што работи можат да станат.

И уште една забелешка имам, колегата Младенов кажа нешто во врска со цената на услугите кој ќе ја одреди и колкава ќе биде јас мислам, дека е изнудено решение, ќе видиме како ќе се покаже во практиката бидејќи можеби е добро овде да имаме институции односно организации кој ќе го вршат платниот промет, па според тоа имаме можност да се даде конкуренција, тоа го имаме и сега на пример во СОК провизијата при одредени плаќања е многу помала во однос на Поштенската штедилница и затоа мислам дека е добро решението тука, може издржливо е, конкуренцијата ќе го направи своето.

Благодарам на вниманието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве Молам, претставник на Владата по оваа точка е министерот за финансии господинот Хајредини, но бидејќи тој се наоѓа на пат надвор од земјата, тука е госпоѓа Тодорова , Собранието дали да прифати да и дадеме збор на госпоѓа Тодорова.

Може? Може. Може.

Само пред тоа, госпоѓа Стојанова сака да зборува во името на Комисијата.

Повелете, и лични свои забелешки.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Почитувани пратеници, претседателот ја прејудицира работата јас сакам да зборувам од свое име, инаку извештајот на Комисијата го имате

добиено, таму нема којзнае какви забелешки во делот на овој предложен закон.

Сакам најпрвин да кажам дека сметам дека има потреба од донесувањето на овој закон. Тоа ќе го потврдам со следното. Собранието во неколку наврати кога расправаше за извештајот на СОК донесе свои заклучок кој што беше во насока на одредено, тогаш доста расправавме особено минатата година дали ќе биде тоа трансформирање на СОК дали ќе биде во некој друг облик, но заклучокот одеше на релацијата менување состојбите во СОК бидејќи со промената на општествено политичкиот систем на Републиката не соодветствуваше нејзиното постоење. Тоа е значи едната причина со која сметам дека е потребно донесувањето на овој закон.

Другата причина е самото утврдување на претходната точка од дневниот ред, тоа е Законот за управата за јавни приходи, таму со прифаќањето на предлогот за донесување на овој закон ние фактички со неговото прифаќање утврдивме дека една функција на СОК, инспекциската^функција ќе премине во Управата за јавни приходи. Со самото тоа е неопходно и регулирањето на другите функции што произлегуваат, а се неопходни за обавување на платниот промет.

Мислам дека во предлогот на законот кој што треба да се изготви, да дојде на дневен ред на Собранието како една недефинирана работа од претходниот закон и од овој закон според мене е кој ќе ја врши интерната контрола, дали тоа ќе биде Управата за јавни приходи или тоа ќе биде во платниот промет. Мислам дека со предложениот законски проект кој што го имаме сега пред нас е содржана дозата на независност на оваа служба, инаку според мене, треба да се преработат членовите од 39 до 45 бидејќи во првата верзија која пред да оди на Владата имаше

одредени две алтернативи за функционирањето на оваа служба.

III/1.- сп/јс

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА**: (Продолжение)

Инаку, до крај не се преработени овие членови кои ќе ја регулираат независноста на овој Завод за платен промет. Инаку, во првата верзија беше дека треба при Министерството за финансии да биде и оваа Служба за платен промет.

Кога се работи за финансирањето на оваа служба, мислам дека е сосема на место она што е предвидено во Предлогот за донесување на овој Закон а тоа е, пред се, и како основно, прво тарифата за наплата на провизијата која треба да се донесува и сега регулирањето кој треба да ја донесува, мислам дека треба подецидно да се регулира во Предлог-законот за платниот промет кој треба да го имаме на увид сигурно во наредната фаза.

**СОФИЈА ТОДОРОВА,** министер за развој

Почитувано претседателство, почитувани пратеници. Дебатата околу нужната и можна трансформација на платниот промет веќе одамна е присутна кај нас и во научната и во стручната јавност а и во Парламентот најчесто при усвојувањето на извештаите на Службата на општественото книговодство. Уште тогаш беше кажано дека онака кон гломерантно поставените функции на СОК веќе не се компатибилни и не комуницираат со системот што сакаме да го воспоставиме

Ова е прва фаза и вие, неспорно, изразивте поддршка од аспект на потребата од донесување односно завршување на овој закон кој навистина е значаен сегмент на финансискиот систем и има навистина големо влијание врз ефикасноста на функционирањето на финансискиот систем врз сигурноста на воспоставувањето на облигационите односи, врз ликвидноста на стопанството и ако сакате врз потенцијалот на банките.

Меѓутоа, мораме да го почитуваме фактот дека овде е нужен еден преоден период во дообликување на системот кој би бил целосно компатибилен на системот на пазарната економија. Познати се различни решенија во светот и околу функционалната, организационата и институционалната поставеност на платниот промет најчесто во зависност со тоа каков е карактерот на платниот промет дали доминира клириншкиот начин на плаќање и компензирање на побарувањата или жиралниот, каков што е кај нас и од тоа се наметнуваат определени институции кои ова го покриваат. Но, во сите земји учествуваат банките, учествува инвестиционата банка, учествува и поштата.

Во овој случај ние ги предвидуваме тие институции, но беше нужно да се обезбеди преодниот период функционирање и на овој завод и овде беше укажано дали до крај се остварува она што е транспарентно кажано дека Заводот е самостојна институција и како да тоа до крај не се изразува низ некои членови така што се бара и институирана е обврската, статусот, планот, Владата да го поставува директорот.

Сакам да укажам на еден факт кој говори во прилог на ова решение. Се разбира, сите овие забелешки кои беа респектабилни ќе бидат разгледани доколку се вклопуваат во концептот кој треба да го дообликуваме и земени предвид при подготвувањето на текстот на Законот во наредната фаза. Меѓутоа, сакам да укажам на еден друг факт.

Техничката мисија на Меѓународниот монетарен фонд се реализираше со согледување на функционирање не само на фискалниот, туку и пошироко на финансискиот сектор. Тие, во основа, ги поддржаа предложените насоки на промени и во оваа сфера, во сферата на платниот промет и дури нивно посебно укажување дека ниту е можно,

а е и многу опасно да се предизвикуваат, да се предлагаат нагли промени во оваа сфера. Гледано од тој аспект се предлага ова решение до 1996 година додека банките бидат во состојба како што се Народната банка, деловните банки, поштата да ја преземат оваа функција да функционира заводот во оваа институционална форма како е овде предложено. Се разбира, сигурно ќе има можност и потреба да се доградат решенија во смисла на укажувањата што денеска беа присутни овде.

**ПЕТАР ГЕОРГИЕВ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници. Поттикнат сум да се јавам за дискусија од излагањето на претставникот на Владата односно министерот за развој. Очекував дека ќе добијам одговор во поглед на тоа(каде вакво решение сега егзистира во пракса на земјите кои се во транзиција, бидејќи беше спомнато дека самата функција и организационата поставеност се во зависност од тоа каков платен промет се одвива во земјата. Сметам дека ние цврсто се определивме, по Уставот, дека сме за пазарна економија и сите наши органи треба да ги прилагодиме за одвивање односно извршување на таа определба на пазарна економија.

Ова решение што сега се предлага како преодно сметам дека е за подолг временски период и е предизвикано од една состојба што денеска ја имаме како статус кво која е затекната со распаѓањето на СОК. Воопшто не се согласуваме дека СОК треба да се трансформира, тоа е став на Либералната партија, туку треба платниот промет да се прилагоди на функцијата која треба да ја обавува во Република Македонија.

III/4.-

Од податоците со кои располагам се гледа дека ние сме една од земјите во која готованското плаќање има голем удел. Сигурно една од причините е тоа што вака се одвива платниот промет и сигурно тежиштето треба да биде на поголемо учество на жиреалните средства, а тоа може да се оствари само со преминување на функцијата на платниот промет во банките и таа функција така треба да се организира. По мене, воопшто не треба да биде пречка, а тоа го видовме од забелешките кои СОК ги дава за Предлогот за донесување на закон за платен промет дека пречка е тоа што СОК располага со одредени технички и материјални средства и кадровски потенцијал. Сметам дека тоа не би требало да биде никаква пречка, бидејќи се тоа дел од вработените во Република Македонија има специјализирани и оспособени за обавување на платниот промет и сигурно потребата на Републиката и  понатаму ќе остане добро да се организира платниот промет со квалитетни кадри и со добра техника.. Не би требало да има никаква пречка во овој период на транзиција да биде кој ги поседува тие средства денеска и дали за себе треба да обезбеди натамошна егзистенција во рамките на решенијата што сега се предлагаат. Сметам дека рокот кој е предвиден во самиот закон е предолг од две години за да се оспособат другите субјекти а тоа се банките и дека тој рок со одредено ангажирање на Владата може да се скрати инаку ова решение што сега го нудиме не е добро и денеска можеме само да донесеме одлука или заклучок дека имаме потреба од донесување на законот. Инаку, решенијата што се нудат сметам дека нема да бидат прифатливи и во самата постапка на конципирање на Законот сигурно ќе дадеме одредени забелешки доколку не се еволуира во самиот предлог по однос на донесувањето на Законот за платниот промет.

III/5.-

**ФАИК АБДИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници. Секако, имаме една многу важна работа, многу важен закон за разгледување почнувајќи од многуте закони кои задираат во сферата на финансиите и материјалното работење на стопанството. Јас лично се определувам за она што се вели компатибилно на Запад и на тој систем, а тоа значи треба да извршиме реконструкција и модернизација прво на себеси во своите сфаќања и што побрзо тоа подобро да се прилагодиме почнувајќи од Законот за сметководство, единствениот контен план до овој закон што сега го разгледуваме во фаза на нацрт.

Сигурно иднината е во банките и субјектите таму ќе одат сакам од таа банка, сакам од другата банка таа која е поефикасна која дава поголеми можности за точно водење на евиденција односно за кредитирање и заради тоа мислам дека инертноста, да ја оставиме настрана оти сите од нас бараат преструктуирање и овој законодавен дом треба да ја прифати таа логика на нештата дека иако имаме пофалби од надвор од меѓународни институции дека е добро во овој момент да се појде вака и се согласувам со одредени дискусии кои говорат дека не треба да бидеме многу долги во тоа прилагодување на себеси. Мислам дека многу побрзо и посмело да чекориме и сум за многу краток временски период да бидеме компатибилни во се, инаку друго чаре и излез нема.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Почитувани пратеници, само неколку реченици во врска со Предлогот за донесување на закон за платниот промет. Овде беше изнесено дека се работи за преодно решение, има аргументи да се

бараат преодни решенија, но по три години се бара преодно решение за по три години тоа значи по 6 години може да почне значи после шес години може да почне промената на оваа функција во сферата на финансискиот систем.

Овде беше речено дека се работи за преодно решение всушност решенијата покажуваат дека се работи за преноминација на истите категории кои постојат во нашиот платен промет. Прашањето е сложено да се уреди целиот финансиски систем во согласност со пазарната логика, меѓутоа, премногу долго се работи и не се вршеа подготовки цело време и не се повлекуваат малку посмели чекори на тој план.

Од тие причини, се залагам, прво овој закон да оди во редовна процедура, предлагачот уште еднаш посериозно да размисли како треба да се уреди оваа сфера.

Второ, оваа организација таканаречениот завод кој е преноминација на СОК својата ингеренција уште повеќе ја подредува односно нејзините ингеренции уште повеќе и се подредуваат на Владата наместо платниот промет да се оддалечува од раката на директната интервенција на државата, со ова решение уште повеќе се приближува заради тоа што овој Завод станува комплетно владина организација на начинот како тоа е регулирано. Опасностите ги знаеме нема организациите да ги плаќаат придонесите, ќе се избегне контролата, сега е тоа државна организација, па државата само ќе рече стоп, блокирај ја таа сметка итн. Тоа апсолутно не е добро и мислам 1 дека премногу се изразуваат сомненија во способноста на некои други субјекти да се распоредат овие функции во случајот на банките. Значи, оваа институција не може да биде владина организација тоа е премногу сериозно да се зголемуваат компетенциите на директното мешање на Владата во сето ова заради тоа што Секторот на јавните приходи по три

години и уште по три години не сме способни да го уредиме на еден задоволителен начин.

Значи, да резимирам редовна процедура во најмала рака ако не и малку оддолжување додека се понуди некој посериозен концепт, тоа никако не може да биде владина организација не надвор од рамките на4ингеренциите, туку одземање и на оваа дистанца од директната компетенција на Владата што ја има и сегашната СОК, бидејќи Парламентот ја има надлежноста, значи тоа е опасно решение, опасно подржавување односно опасно навлегување на извршната власт директно во работите на платниот промет од еден аспект кој не е добар. Значи, се залагам за тие решенија инаку г-динот Младенов се заложи дури за скратување на постапката, меѓутоа, аргументите што, ги изложи и забелешките беа многу посуштински кои говорат, јас се согласувам со дел од нив, беа заправо тие кои говорат да се позабави постапката и она прашање за цена на услугите тоа уште повеќе ги комплицира работите.

Значи, предлогот е редовна процедура во најмала рака нов предлог во секој случај треба да уследи од страна на Владата таа уште малку да размисли околу ова што ќе предложи во врска со платниот промет, мојата сугестија е да одат посмело во промените и оние субјекти што тврдат дека се способни да ја преземат таа функција сигурен сум дека ќе покажат подобри резултати отколку однапред ако вршиме сомневање дека не можат тоа да го прават и додека не добијат задача никогаш тие нема да бидат оспособени, а нашите преодни периоди ќе траат од тука до вечност.

III/8.-

**ШАБАН ПРЕВАЛА:**

Почитувано претседателство, почитувани колеги. Нема да бидам долг по однос на ова прашање, сакав само да го изнесам своето мислење, дека навистина сум за тоа посериозно да се размисли околу концептот за водење на платниот промет. Мислам дека СОК како институција на еден систем кој се занимава, јасно е дека наджевеана институција.

Меѓутоа, прашањето како да се организира ова прашање? Тоа што се нуди како предлог на закон за донесување на Законот за платен промет мислам како концепт не одговара на она што е реално во нашите односи. Мислам дека добро го кажа колегата Гошев дека треба да се оди посмело во реорганизацијата на оваа дејност.

Она што се нуди со текстот на Законот, по мое мислење, не претставува ништо друго, туку истото што го имаме и сега само називот што се менува наместо СОК да биде Завод за платен промет, како еден од главните носители на платниот промет што произлегува од самиот текст на Законот. Нешто од платниот промет се остава да обави преку Народната банка, преку банките и ПТТ, но мислам дека не е тоа што го бара актуелниот момент во оваа сфера. Јас и порано го кажав своето мислење дека е време банките да бидат носители на платниот промет. Таму каде се одвива животот на една фирма, на едно претпријатие, на еден комитент, таму треба да оди и прометот.

Кога го истакнувам тоа, тргнувам од фактот што на таков начин ќе се обезбеди поголема прегледност и ќе се следи судбината на комитентот, на претпријатието од една страна, а од друга страна ќе се поевтини самата постапка односно функцијата, платен промет. Верувам дека банките како главни носители на функцијата платен промет таа дејност ќе ја вршат без надоместоци што објективно се наметнуваат кога

таа функција се предвидува според Законот што се предлага да ја врши некој завод за платен промет.

Мислам дека овој текст на Законот токму поради тоа и поради многу други причини да се врати на Владата уште еднаш Владата да размисли посериозно околу ова прашање и да ни понуди нов концепт.

IV/1 ЛП/ЛБ

**ШАБАН ПРЕВАЛА:** (продолжение)

Или пак ако нема друго решение поради многу причини, тогаш нека биде тој рок преоден, со цел секако да се обезбеди континуитет додека не се реши прашањето за новиот даночен систем итн., нека биде тој период не подолг од 1 година. Јас дури би се заложил тоа да биде најдоцна, примената односно трансформацијата или реорганизацијата воопшто на оваа дејност да биде најдоцна до 30.VI.1994 година, за да може од 1.VII.1994 година да преминеме кон еден сосема нов систем и оваа функција да се врати на банките. Во таа смисла, јас сум за тоа по ова прашање да не расправаме.

**ВАНЧО МЛАДЕНОВ:**

Јас бев малку и спомнат, а пратеникот Гошев не го гледам тука. Мислам дека имаме различно размислување околу донесувањето на овој закон. Иако и самиот Гошев веќе рече дека 3 години сме во транзиција, доцниме, предлагаме закон кој уште две години ќе го одложи прилагодувањето кон пазарното стопанисување, а од друга страна се залагаме фазите за донесување на одредени закони да ги зголемуваме и да не бидеме во состојба одредени закони, за кои веќе имаме одредени свои концепции и размислувања како да бидат, не сме во состојба да ги донесеме колку што е можно побрзо. Тоа беше едната работа за која излегов повторно да го потврдам она што го реков дека се залагам за скратување на фазите на донесување на тој закон.

Не би се согласил, исто така и со колегата Превала во законот да се именуваат субјектите кои треба да го вршат платниот промет, дали тоа да бидат банките, дали тоа да биде Заводот итн. Јас мислам дека законот треба да се занимава со тоа да утврди одредени услови кои треба да ги исполнува субјектот кој треба да го врши платниот промет.

Целта е платниот промет да биде што побрз, поефикасен, средствата да бидат што побрзо пренесувани од еден на друг субјект, како и да има што поголеми права на носителот на жиро сметката односно сопственикот на средствата да може да располага слободно во секој момент во сите услови со тие средства. Тоа треба да го овозможи законот, тие норми треба да ги има, а кој ќе го врши тој промет, тоа треба да остане да не речам отворено. Субјектите кои ќе се впуштат во вршењето на тој платен промет ќе треба да ги исполнуваат условите кои ќе овозможат тоа да се оствари онака како што посакуваат имателите на сметките и имателите на средствата и тие ќе го најдат интересот на кого ќе ја дадат довербата да го врши тој платен промет. Значи, оние кои ќе бидат навистина во состојба средствата во што пократок рок да ги дадат на располагање на сопственикот и тој да има услови, без никакви компликации, ограничувања итн. да располага со тие средства. Тоа треба да го постигне тој закон. Мислам дека тука не треба никакво натамошно одолговлекување, размислување итн., ниту да се оди на не знам какви радикални симпозиуми и дискусии бидејќи ова е многу едноставна работа и не треба од сето тоа да правиме ќе ми простите на зборот - фетиш.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас би рекол неколку зборови.

(претседателот Андов излегува на говорница)

Добро е што со предлогот за донесување на овој закон овде се дојде, но уште подобро ќе беше ако овие дилеми кои очигледно во парламентарното мнозинство постојат беа расправани пред да дојде тој закон овде или барем во претходниот дел на постапката или во Владата или во Собранието на РМ, во комисиската расправа. Мислам дека ќе

беше уште подобро ако се направеше една добра програма во која точно ќе се знаеше како ќе се решат тие, сега парадржавни функции на Службата за општествено книговодство. На време укажувавме дека тоа едноставно не може да остане и да функционира и дека државата ќе има големи штети. Сега сме под притисок и можеме да донесеме нешто што навистина, на прв поглед, ќе изгледа како решение, но нема да биде правилно решени. Се плашам овде да не дојде до разидување и многу добро, барем ако се концентрираме овој закон да се донесе, тогаш добро да размислиме дали не е добро да го донесеме во сите нужни фази, за да можеме да имаме вистинска расправа, барем по ова парче да имаме вистинско убедување што е тоа што треба да се донесе, пред да застанеме после во неговото спроведување. Инаку, се плашам, ако се случи така, ние денес овде да се прегласуваме, а присутно е само парламентарното мнозинство со мал број на опозицијата во парламентот, мислам дека ќе се направи навистина голема грешка, затоа што разидувањата овде се внатре во парламентарното мнозинство и нека не се инсистира на единствено решение Дајте да направиме еден напор, можеби е и најдобро тоа, сепак да се договориме да оди во три фази, т.е. да има фаза на нацрт, каде што уште еднаш ќе се продискутира за концепцијата. Добро да се расправи и во Владата и во комисиите и во Собранието, па можеби после да се скрати периодот од нацрт до предлог на законот, но барем ќе имаме значително појасна состојба. Очигледно е дека изгубеното време сега не сме во состојба да го надоместиме, но заради тоа пак не смееме да направиме грешка. Ако направиме грешка, ништо не сме сториле. Во тоа е моето укажување, добро да се размисли тука се и претставниците на Владата и не е лошо тие да ја прифатат таа сугестија.

IV/4

**СОФИЈА ТОДОРОВА:**

Јас во името на Владата навистина би замолила да се почитува и заклучокот односно заклучоците, не видов дали и другите комисии него го кандидираат како можно решение, овој закон да се донесе во две фази, за да може да се оди со целината на реформирањето на финансискиот систем.

Покрај тоа што треба да одиме побрзо во промена на овој систем, а јас велам во можна, во овој момент кога станува збор за платниот промет спомнав дека радикална промена со целосно пренесување на банките не сме во можност сега да направиме, извршено е согледување, тоа не е решение дадено случајно, додека не се изврши консолидација, додека не се изврши санација кај дел од банките што сега функционираат, тешко да може да се обавува платниот промет кај нив. Покрај тоа, велам, и во преговорите што ни следат и што се пред нас со Меѓународниот монетарен фонд и Светската банка, една од основните референци што ние треба да ја презентираме е фазата во која сме во реформирањето на финансискиот систем, не само даночниот, туку и сферата на платниот промет. Оттаму, сметам дека ќе има доволно време и можност повторно да се рас- права и се разбида амандмански да се интервенира во одделни решенија во Предлогот на законот.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Почитувани пратеници, сосема е јасно дека сите имаме. добра желба што поуспешно да се реши оваа проблематика и за што пократко време. Не е сигурно дека времето зависи од тоа дали ќе се оди во две или три фази. Може да се работи и во 3 фази за пократко време, може да се работи и во 2 фази за подолго време.

IV/5

Меѓутоа, би замолил во името на пратеничката група на СДСМ, пред да одлучуваме, претседателот да даде пауза од 30 минути

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, но да видиме дали уште некој бара збор.

**ВАНЧО МЛАДЕНОВ:**

Јас навистина сакам да реагирам зошто овде во Парламентот се нема доверба кон нашите комисии односно работните тела на ова Собрание. Ако Комисијата за финансирање и буџет и Комисијата за економска политика и развој како матични комисии за овој закон имаат единствено мислење дека има потреба да се скратат фазите за донесување на тој закон, зошто сега одредени пратеници овде во Парламентот наметнуваат решение надвор од комисиите, кои мислам дека се стручни тела и треба нивните извештаи овде да се почитуваат и прифаќаат. Само тоа сакав да го подвлечам.

**ЉУБОСАВ ИВАНОВ:**

Ова е многу стручно прашање и пракса во однос на овој проблем постои, јас мислам дека не треба да се оди на килави и половични решенија. Ние треба да одиме на решенија како што има во пазарната економија. Ако се определивме за таква работа, така треба да работиме, не треба да измислуваме меѓу фази, туку да одиме на решенија кои пазарот ги произвел.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлагам пауза од 15 минути.

(пауза од 13,20 до 14,00 часот).

IV/6

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со работа.

Има збор госпоѓа Софија Тодорова.

**СОФИЈА ТОДОРОВА:**

Јас Молам заради потребата од дополнителни консултации во Владата, предлогот за донесување на закон за платен промет да биде ставен како последна точка на дневен ред на оваа седница.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не, не, ние расправата ја затворивме. Само натамошната постапка да ја видиме. Инаку, претресот е заклучен.

**СОФИЈА ТОДОРОВА:**

Сега тоа што следува, заклучувањето по законот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро.

Дали т:е согласуваме? (да)

Преминуваме на **осмата точка** - Предлог за донесување на закон за забрана на изградба на нуклеарни електрични централи во Република Македонија.

Предлогот за донесување на законот, извештаите на Законодавно правната Комисија, Комисијата за стопанство и Комисијата за заштита на човековата околина ви се доставени односно поделени

Отворам претрес..

Молам, кој бара збор?

**ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ:**

Почитувани колеги, човекот денес во светот пројавува посебен интерес за 3 крупни прашања во животот. Тоа е за мирот како алтернатива на војната, за човековите права и слободи како алтернатива на колективистичките проекти и за демократијата на еколошката

средина. Од тој аспект го подржувам законот за забрана на проектирање и изградба на куклеарни централи, производство на нуклеарно гориво, обработка на нуклеарно гориво, во функција на демократијата на еко системот.

При тоа, од оваа забрана треба да се исклучи употребата на нуклеарни супстанци во научно истражувачките работи и во медицината во терапијата на одредени заболувања.

**ЈОВАН МАНЧЕВСКИ:**

Јас ќе бидам сосема краток, меѓутоа, морам да кажам не- колку работи.

Прво, при донесувањето на дневниот ред за оваа седница некои пратеници направија неколку алузии за итноста на предложените закони. Спомнувајќи го овој закон, со извесна доза на иронија и тоа повеќе пати. Можеби за неупатените тоа така изгледа, но Комисијата за заштита на животната средина, разгледувајќи го овој закон, смета дека е потребно да се донесе токму во овој недефиниран период за заштита на еден многу опасен меѓународен криминал - депонирањето на нуклеарниот односно радиоактивниот отпад во други земји. Знаеме што се случи пред неколку бодини во Босна и за патешествието на еден таков отпад каде што мораа да реагираат луѓето од теренот. Сметам дека и ние не сме имуни на такви нешта, ако немаме јасно дефинирана законска регулатива, посебно при оваа трка за лесна заработувачка.

Затоа, Комисијата инсистира оваа материја да биде вградена во законот, бидејќи во моментот е многу актуелно, можеби и опасно, ако во законот не се вградат предложените одредби.

Ете, само тоа сакав да го речам и да апелирам до министерството како предлог и размислување на Комисијата и како мое видување на овој законски проект.

IV/8

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Љубосав Иванов.

**ЉУБОСАВ ИВАНОВ:** ( од место)

Тоа што го кажа пратеникот Јован Манчевски и јас сакав да го кажам, а јас се согласувам со него.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Пратеникот Љубосав Иванов се откажува од дискусија.

Дали некој друг бара збор?

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Господин претседателе, почитувани пратеници, за разлика од нашите колеги кои досега се изјаснија во врска со овој предлог на закон, јас не сум еден од тие што е воодушевен што сме принудени да донесуваме ваков закон од неколку причини.

Прво се согласувам дека технологијата на функционирањето на термо електраните сеуште не е усовршена и дека секојдневно се усовршува. Технологија на производство на горивото не е усовршена и технологијата на негово складирање. Јасно е дека сеуште таквата примена на нуклеарната. енергија крие опасности од загрозување на човековата средина. Јасно е дека на сите тие полиња има постојан напредок и дека ако имаме услови да се комодираме, нема ништо подобро од тоа со ваков закон да забраниме изградба на нуклеарни електрани.

Меѓутоа, сакам да укажам на следното. Македонија е сосема сиромашна со хидроенергија, Македонија нема доволно јаглен за термо централите. Во последните години, посебно по осамостојувањето неколку производни објекти во Македонија или главно еден до два од производните термо објекти во Македонија покриваат повеќе од 80% од потребната електрична енергија на РМ. Меѓутоа, според сите досегашни истражувања, основното лежиште на јаглен со кое се хранат трите блока

во термо електраната "Битола I,II и III" може да има издашност најмногу уште за наредните 20 години. Електричната енергија е крвоток на целото стопанство и оваа држава мора да води сметка во перспектива од кои извори ќе обезбеди доволно електрична енергија, посебно ако се знае и ако очекуваме дека ќе имаме нов индустриски подем и развој и дека потребите од електрична енергија кои што сега ги имаме понатаму постојано ќе се зголемуваат. Покрај тоа, оваа држава треба да води грижа што ќе стане со сите оние вработени, кои што се неколку илјади, кои денес работат во нашите термо електрани и кои што ќе можат да работат таму уште десетина дваесет години, заради тоа што се знае во светот дека е наједноставно и најисплатливо термо електраните да се преориентираат вонуклеарни електрани и на таков начин луѓето кои во термо делот од нуклеарките имаат стекнато искуство се апсорбираат и да испомогнат да се тргне со една нова технологија , што значи примена на нуклеарна енергија.

Би сакал да напоменам дека една нуклеарка се гради денес на денешното технолошко: ниво најмалку 10 години. Ако се знае дека Македонија ќе ги изгуби овие ресурси на термо енергија преку горењето на јагленот ^како гориво за наредните дваесетина години, тогаш државата треба да води сметка за да обезбеди енергија и да биде независна да го обезбеди крвотокот на стопанството, дека треба да почне со изградба на нова нуклеарна централа најдоцна двеилјадитата година, ако сакаме 2010-та година да ја обезбедиме државата со енергија.

Според тоа, не така едноставно, имајќи целосно разбирање за тоа какви се нашите грижи по човековата околина, со оглед на опасностите ш'то денешните технологии сеуште ги даваат, јас сум за тоа со закон да се забрани и истражувањето и градбата, меѓутоа не во недоглед токму

IV/10

заради тоа што периодот во кој што имаме простор да водиме повеќе сметка за екологијата од колку за целосен недостаток на енергија е точно дефиниран и е многу краток и; тој се движи од 2000-та до 2005-та година.

V/1. -ДВ/МЛ

**НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници. Јас не мислам да спорам за овој закон меѓутоа сепак сметам дека ако се има предвид, јас го почитувам тоа што го искажа колегата Ханџиски дека имаме потреба, немаме многу ресурси, но сепак водените ресурси не се кај нас такви да не можат они да се искористат за хидроенергија. Но, ако се земе се она што се состои околу нуклеарната енергија користена во овие цели за електрична енергија, мислам дека ние не сме подрачје кое би требало да се употреби за такви цели, од следните причини:

Прво, ние сме трусно подрачје. Тоа мора да се има предвид. Трусните подрачја добро се анализираат дали се погодни за градење на нуклеарки или не се погодни. Последиците какви се можат да бидат во една хаварија на една нуклеарна електрана, тоа многу јасно го покажа Чернобил. Мислам дека не е се точно и добро опишано се она што таму е одиграно, се не и било пристапно на јавноста што таму се случило. Според тоа ние мора тој елемент да го имаме пред себе кога ќе се одлучиме дали да градиме нуклеарни електрани или не.

Јас мислам за догледно време не смее да се размислува за градење на наш терен нуклеарна електрана додека во светот не се постигне некој посовршен начин за градење на тие електрани што нема да претставува опасност. Прво, треба да се искористат сите други ресурси за електроенергија, па дури тогаш, кога ќе имаме јасни и чисти перспективи во однос на заштита на здравјето и на животната околина, дури тогаш да се осудиме да пристапиме кон тој чекор, а тоа треба да биде најмалку за 20, 30 или 50 години.

**СТОЈАН КОВАЧЕВСКИ:**

Мислам дека прашањето на изградба на нуклеарни централи треба да биде на поширок план меѓународно одлучено тие централи да не се

градат од причини што еве ако ние донесеме закон на територијата на Република Македонија да не се градат нуклеарни централи, мислам дека не сме ништо постигнале, ако некој од соседните земји во близина на Балканот изгради таква централа. Тоа не значи никаква заштита.

Ова го кажувам од побуди што случајно бев на 600 километри од Чернобил каде луѓето после пет години се радуваа што почнало да расте трева. Толкави се тие катастрофи од едни такви хаварии на нуклеарни централи, а да не зборувам за последиците по човечкото здравје. Денес децата таму сеуште се сместуваат во специјални заводи заради проблемите со анемијата како последица на озрачувањето, таму каде што поминал облакот од нуклеарната прашина поради хаваријата во Чернобил.

Сум, за тоа Македонија да биде подрачје каде нема да се градат нуклеарни централи. Меѓутоа залагањето на Републиката пошироко на меѓународен план да биде тие централи апсолутно да ги нема во светот, бидејќи со одбивањето, со тоа што ние нема да изградиме, таква централа, нема да бидеме безбедни ако некој на Балканот изгради таква централа.

**ДУШКО ГОРГЕСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници. Мислам после е она што граѓаните на Европа,на бивша Југославија, на Македонија го доживеаја со Чернобил, после се она што имаме разни информации за одредени дефекти на атомски централи итн., не знам кој од овде би опонирал за донесување на еден ваков закон. Меѓутоа секој пат и кога се донесува еден закон мора да се остави она што значи отступнина и она што значи притисок на одредена ситуација, време и услови. Ние можеме да донесеме денес една таква одлука, односно

закон и да го поддржиме максимално и дури да забраниме било какви испитувања во тој правец. Меѓутоа мораме да сфатиме дека Македонија за брзо време ќе има потреба односно за кратко време во Македонија ќе се појави сериозен проблем за обезбедување со електрична енергија.

Тука беше спомнато дека водениот потенцијал ако го искористиме ќе имаме енергија. Сите води ако ги искористиме од 23 до 25%, можеме да ги обезбедиме сегашните потреби на електрична енергија, што значи дека, ако имаме одреден развој кој што го очекуваме еве со формирањето на државата, сигурно развој на одредени ресурси кои се неопходни за една самостојна држава како што е нашата, тогаш сигурно ќе имаме потреба од додатни количини на енергија која во услови вака како што денес инсистираме ќе бидеме зависни од други извори, од надворешни извори.

Второ, овде повеќе колеги напомнаа, во непосредна близина на границата на Македонија имаме односно егзистираат повеќе нуклеарни централи. Така да дел од подрачјата на Македонија се во поголема опасност од одредени дефекти на тие нуклеарни електрани отколку да речеме одредени дефекти се случат,да кажеме на една нуклеарна електрана во Битола. Затоа мислам дека излагањето на колегата Ханџиски, професорот на Електротехнички факултет е сосема на место. Ние навистина во овој момент да размислуваме во правец на донесување на овој закон. Меѓутоа исто така да .не се залагаме експлицитно, да не се прават никакви подготовки за она што значи за периодот кој што претстои од 5, 10 или 15 години да биде еден од можностите за решавање на енергетската ситуација во Републиката. Ние знаеме што значи енергетска зависност, ние преживеавме прошлата зима, сега ни претстои нова, сигурно можеби оваа година подобро ќе се организираме, Меѓутоа, исто така знаете дека на овој Парламент се каравме зашто доаѓаше до редукции, зашто се смрнуваат граѓаните на

Скопје, на Републиката итн. Ако сето тоа го имаме предвид сигурно, имајќи ги последиците, опасностите по здравјето, по екологија пред себе, меѓутоа имајќи ги и основните потреби за егзистенција. Тогаш ќе имаме едни разумни решенија кои ќе значат можност за побрзо вклопување, односно во услови кога ќе бидеме принудени за градба на едни вакви извори на енергија, сепак да бидеме малку подготвени отколку тотално да се откажеме. Непосредната околина околу Македонија јасно укажува дека не се откажуваат многу лесно ниту Бугарија, ниту Грција, ниту Италија, ниту Австрија, не ги гасат нивните нуклеарни електрани.

**НАУМ СИМЈАНОВСКИ:**

Должам респект кон сите дискутанти кои ги искажаа своите мислења за оваа проблематика. Нормално едната страна е она која ја протежира онаа здрава средина во Република Македонија, од оној еколошки аспект кој во целост го поддржувам. Меѓутоа исто така треба да се поддржат и размислувањата на другата група на пратеници кои размислуваат и дискутираат за оној развој на Република Македонија.

Очигледно дека постои таа зависност на тој енергетски план што и сега ја осеќаме а во наредниот период уште повеќе ќе биде и мислам дека овој закон треба да оди во таа форма, мислам на донесување, да не изгласаме стриктна забрана на градба, туку да се апелира на забрана на оној сегмент на трговија со тие нуклеарни отпадоци што сега во цел свет е во подем, а да се одобри оној аспект што посебно го потенцираше господинот Ханџиски, да се даде таа можност барем развојно да се размислува во изготвување на тие развојни проекти за решавање на енергетската ситуација во Република Македонија. Еден од тие потенцијали нормално е и нуклеарната енергија. Така да во оваа фаза

V/5.-

овој закон навистина дава решенија кои тотално се забранува, мислам тоа не е функционално во овој период, а во смисла на тоа да се врши и самиот закон претставува укинување на важноста на Сојузниот закон со важност на територијата на Република Македонија. Мислам дека во наредните фази овие забелешки треба да се внесат во самиот закон и да добиеме една прочистена форма.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот.

Молам службата да ми даде точен број на присутни пратеници, да видиме дали можеме да поминеме на гласање.

(Во овој момент во салата присутни се 59 пратеници).

Ве Молам, повикајте ги пратениците.

(Претседателот констатира дека во салата има кворум за работа).

На Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок:

1. Собранието на Република Македонија го усвои предлогот за донесување на закон за забрана  за изградба на нуклеарни електрични централи во Република Македонија.

2. Собранието на Република Македонија предлага Владата да изготви и на Собранието да му достави Предлог на закон при што да ги има предвид мислењата и укажувањата содржани во извештаите на работните тела на Собранието и претресот што го имавме овде.

3. Овој заклучок заедно со извештаите на работните тела на Собранието на Република Македонија да се достави до Владата на Република Македонија и Министерството за стопанство.

Кој е за предложениот заклучок, Молам да крене рака? (54 пратеника)

Дали е некој против? (Никој).

Дали некој се воздржува од гласање? (3 пратеника).

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот закон.

Преминуваме на **<u>Деветтата точка</u>** - <u>Предлог за донесување на закон за безбедноста на транспортот со нафтоводи и гасоводи</u>.

Предлогот за донесување на закон и извештаите на Законодавно правната Комисија, Комисијата за стопанство и Комисијата за заштита на човековата околина, ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок:

1. Собранието на Република Македонија го усвои предлогот за донесување на закон за безбедноста на транспортот со нафтоводи и гасоводи.

2. Собранието на Република Македонија предлага Владата да изготви и на Собранието да му достави Предлог на закон при што да ги има предвид мислењата и укажувањата содржани во извештаите на работните тела на Собранието.

3. Овој заклучок заедно со извештаите на работните тела на Собранието на Република Македонија да се достави до Владата на Република Македонија и Министерството за стопанство.

Кој е за предложениот заклучок, Молам да крене рака? (56 пратеника гласаа за).

Дали има некој против? (Никој).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот закон.

V/7.-

Преминуваме на **<u>точка 10</u>** - <u>Нацрт на закон за данокот на добивка.</u>

Нацртот на законот и извештаите на Законодавно - правната комисија, Комисијата за финансирање и буџет, Комисијата за стопанство и Комисијата за економска политика и развој, ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Шабан Превала.

**ШАБАН ПРЕВАЛА:**

Мислам дека законот што се предлага е продукт на еден концепт за новиот даночен систем што беше изработен од наши еминентни стручњаци, од областа на финансиите. Мислам дека текстот што го содржи овој закон е израз токму на тој нов даночен систем за што ние се залагавме, кој доживеа и промоција кај нас.

**ШАБАН ПРЕВАЛА:** (Продолжение)

Мислам дека и во оваа фаза, кога ќе дојде како предлог на закон ќе имаме можност и подецидно да се изразиме, веројатно и амандмански за одредени работи, но сепак мое мислење е дека текстот е конзистентен, сеопфатен и доста реално ги изразува односите што сакаме да ги постигнеме во областа на оданочувањето на добивката.

Би рекол дека Законот за данокот од добивка е составен дел токму на новиот даночен систем што сакаме да го примениме од 1.01.1994 година. Меѓутоа, мислам дека ќе се согласите освен добрите решенија што ги нуди овој текст во оваа фаза, сепак мислам дека тој, во конечната верзија ќе биде целосен доколку, освен, кака што велиме фискалната компонента, па би рекол во одредени ситуации и стабилизациона компонента да ја содржи поизразено и развојната компонента. Тоа што како решенија се предвидуваат на планот на развојот, значи одразот на даночната политика врз развојот, мислам дека не е израз на она е практика и во западниот свет, развиениот свет. Определбата на новиот даночен систем беше токму таа кај нас да се примени и позитивното искуство од развиениот свет, односно да биде така конципирано да се применува една економија на пазарното стопанство што пак има претензии да се развие во наредниот период.

Од одредбите изложени во четвртиот дел, каде станува збор за даночните ослободувања и олеснувања, во членот 30 станува збор, мислам дека во тој поглед нудат некое решение, но јас конкретно да ви кажам за членот 29. Овој член е доста конфузен, не е доволно јасен, барем така како што е изнесен. Тргнувајќи од фактот дека во западниот свет се што се вложува во добивката за толку се ослободува даночниот

обврзник, кај нас како да се оди малку поскромно, порестриктивно со ослободување од само 20%.

Мое мислење е дека тука треба да се направи еден поголем чекор како би ги стимулирале претпријатијата, фирмите, добивката да ја вложуваат со цел на таков начин прво сами да се развиваат, а од друга страна да придонесуваат за општиот развој и трето на таков начин да овозможат решавање на проблемите на општеството особено во областа на вработувањето.

Оттука, мое мислење е дека овој процент, да не биде 20%, туку да биде некаде 60% од износот на вложените средства. За тоа се залагам од проста причина затоа што како стимулативна мерка се предлага во недоволно развиените подрачја каде што се предвидува ослободување од 100%.

На таков начин ќе се обезбеди еден креативен пристап кон користењето на доходот за развој.

Најверојатно, додека. дојде на расправа Законот во форма на предлог ќе има и други идеи. Но,сега во оваа фаза сум за тоа

Министерството за финансии при изготвувањето на конечната верзија да води сметка и за развојната компонента и на данокот од добивка зашто само на таков начин ние ќе помогнеме во решавањето на проблемите во општеството и претпријатијата ќе ги мотивираме реално да ја искажуваат добивката. Во спротивно ќе бидеме соочени со евазијата како појава во даночната политика.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Збор има господин Петар Горѓиев.

**ПЕТАР ГОРГИЕВ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, сметам дека денеска втор пат се навраќаме на проблемот околу уредување на

состојбите по однос на фискалната политика, конкретно за донесување на законот за данокот од добивка и ако некаде дадовме приоритет, сметаме дека овој пратенички состав даде приоритет на оваа проблематика, бидејќи е извршена една корекција по основ на основицата за пресметување на данокот на добивката, а порано беше доходот како основица, една категорија што јас на времето ја нареков измислена категорија кога имавме систем со двојно оданочување како на премиите на осигурување, каматите, придонесите и личните доходи што беа како дел од доходот.

Реформата на стопанскиот систем подразбира и реформа во даночниот систем што претставува еден од важните фактори за заживување на стопанската активност. Ова го истакнувам посебно од причина што ова не е само фактор што делува на домашните стопански субјекти, тукуи на стопанските субјекти од надвор што имаат интерес или ќе имаат интерес за вложување одредени средства заради остварување одредени свои ефекти, посебно остварување профит.

На почеток сме на реализација на Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал и сигурно дека во решенијата што се во трансформацијата има и одреден интерес за странски вложувања. Еден од факторите за одлука за странски вложување сигурно е и висината посебно на данокот од добивка. Оттука сметам дека има потреба од донесување на овој закон и даночната политика не треба да ја третираме како еден од внатрешните фактори што може на одреден начин да обезбеди само фискално зафаќање заради обезбедување приходи на Буџетот, туку да обезбеди зголемување на стопанската активност на стопанските субјекти, односно да не оневозможи попречување на стопанската активност.

По однос на учеството на данокот од добивка во вкупниот буџет само би искажал тоа што е сега квантификација или утврдена вредност

во Буџетот за 199 3 година, за на одреден начин да предложам во однос на самата стапка за данокот од добивка што сметам дека во овој момент е преголема или висока заради тоа што се предлага 30% зафаќање од добивката или највисоката стапка што до сега егзистираше во досегашниот закон.

До сега имавме три категории на обврзници што плаќаа во три различни стапки, а сега се предлага една пропорционална стапка од 30%. Данокот од добивката е квантифициран со милијарда и сто милиони денари во Буџетот за 19 93 година или учествува со само 7%. Со ова сакам да укажам дека данокот од добивка во развиените земји има големо учество. Но, неговото учество на одреден начин е квантифицирано во тие стопански субјекти со една долгогодишна традиција на одвивањето на пазарното стопанство каде ги имаат сите потребни услови за остварување одредени резултати од работење.

Инаку, со задржување на досегашното решение со највисока стапка од 30% пропорционално за сите стопански субјекти, сметам голем дел од стопанските субјекти ќе се најдат во неповолна ложжба посебно стопанските субјекти од областа на текстилот и прехранбената индустрија што имаа далеку прониско ниво на зафаќање до сега.

Заклучно со јули е остварено од квантифицирањето за 1993 година само 40% што значи и оволку утврдените даночни стапки имаат аверзија кај стопанските субјекти како даночни обврзници, што значи дека тие и понатаму не ги исполнуваат обврските по однос на даноците, а сметам дека нашата насока треба да оди во правец на либерализација во. делот на даночната политика со тоа што тежиштето треба да го дадеме во делот на зголемување на понудата, акумулацијата и вработеноста.

Она што претходно го кажа господинот Превала е баш во функција на тоа да се стимулира потрошувачката, некако што сега имаме зафаќање во потрошувачката, него да се стимулира производната потрошувачка што значи дека средствата што ќе се оставаат кај стопанствениците за реинвестирање би биле еден вид потрошувачка што ќе има поголем обем и низ таквиот поголем обем да се обезбедат и поголеми зафаќања.

Втора забелешка, сметам дека треба да биде прифатена, тоа е делот на член 19 каде што е предвидено по Нацртот на законот издатоците за промоција, пропаганда, реклама и репрезентација да се признаат како расход најмногу до висина до 3% ,од вкупниот приход. Сметам дека оваа стапка е ниска затоа што новите движења во тој правец укажуваат дека доста стопански субјекти, јас веќе не ги делам на приватни и општествени, се донатори на одредени спортски клубови итн. така што доколку сметаме дека тоа треба да биде едно од решенијата во развојот како на спортот, како масовните спортови, така и оние со врвен квалитет, сметам дека ова би била една од можностите низ оваа форма каде што делот на средствата што се остваруваат во делот на«добивката да се наменат за одредени такви обврски, а овој дел да биде нешто поголем. Во разговор некои укажуваа дека треба да биде уште поголем, повисока стапката за оваа намена, но сметам дека би требало да се коригира некаде на 5% од вкупниот приход.

Понатаму, имам забелешки во делот на утврдувањето и наплата на данокот од добивка каде што и понатаму се задржува обврската на стопанските субјекти да водат односно да се води по законот за сметководство, а ова најверојатно ќе предизвика и промена на Законот за сметководство сите обврски да се плаќаат врз основа на досега

уредените односи во делот на водењето на Законот за сметководство.

Колку ми е познато оваа обврска веќе е доста упростена во земји со пазарна економија каде се води посебно даночно сметководство што не ги оптоварува посебно стопанските субјекти, да водат и не се обврзани да водат друго книговодство освен за сопствени интерни потреби. Тоа би било едно екстерно сметководство што ќе обезбеди на стопанските субјекти да можат и таа обврска да ја допушггат на одредени специјализирани институции кои за сметка на стопанските субјекти ќе водат даночно сметководство, а во Законот е веќе предвидена обврската за лошото водење на сметководството или за несоодветно утврдување на даночната основа.

Со тоа сакам да укажам дека треба да се усогласи овој Нацрт на закон со веќе Предлог законот за донесување на закон за управата за јавни приходи каде во една одредба стои дека има даночно сметководство. Значи веќе е предвидено едно даночно сметководство за кое министерот за стопанство треба да пропише уредба за водење на таквото сметководство. Со ова кај стопанските субјекти во многу ќе се олесни водењето односно ќе се намалат трошоците околу водењето на тоа сметководство. Интерното сметководство е интерна обврска на секој стопански субјект што треба да му служи за водењето на својата деловна работа односно деловна политика.

Би завршил со тоа што укажувам на она што сега веќе во писмена форма е доставено до предлагачот како потреба од дополнување на Законот во колку овие работи што јас ги спомнав на одреден начин не се вградат сигурно ќе бидеме во обврска низ формата на амандманско поднесување да бараме тие работи да се исправат односно вградат во Нацртот на законот.

VI/7

**ДИМИТАР ПОПОВСКИ:**

Почитувано претседателство, дами и господа пратеници, ја користам оваа можност да искажам едно задоволство и потреба за донесување на овој закон, дотолку повеќе што тоа овозможува спортот во Република Македонија како значајна општествена дејност да најде едно свое решение кое во последно време е болна точка на спортот во Република Македонија.

Имено, овој нацрт на закон дава можност за едно фундаментално решение за спортот во РМ, .за неговото финансирање или поточно речено дел од финансирањето на спортот во РМ. Очигледно дека буџетските средства што овој момент се и одвојуваат од буџетот на РМ за оваа дејност покриваат само 10-15% од потребите за реализација на спортските програми не само во рамките државата туку и надвор за меѓународните спортски настапи на нашите спортисти.

Постигнување врвни резултати не е можно никаде без соодветно вложување. Ова е можност да се приклучиме кон сите цивилизирани земји што спортот го решаваат на соодветен начин со значајни вложувања.

Заложбата би била следна, спортистите, спортските работници и спортските асоцијации очекуваат и се залагаат во членот 34 од Нацртот на Законот каде се зборува за ослободување од данок од добивка за тие да влезат и преграмите за реализација на меѓународни настапи на спортистите од Македонија. Она што значи афирмација за РМ.

Претходните дискутанти и господинот Превала и господинот Петар зборуваа за еден дел што значи подобрување на материјалната основа, а тоа би значело конкретно за масовната физичка култура и масовниот спорт, а ова се однесува само за тоа што се оценува како интерес за РМ

и за презентација на спортот на Македонија на меѓународен план.

Спортистите и спортските работници за ова прашање очекуваат, со право, консензус, затоа што за ова прашање не треба да има коалиција и опозиција затоа што се тие свесни дека се неопходни и на позицијата и на опозицијата.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА**

Почитувани пратеници, сметам дека е неминовно донесување на овие закони што ги имаме 3 еден по друг и што треба денеска да ги разгледаме во форма на Нацрт. Пред се неминовноста според мене ќе заради регулирање на даночниот систем во нашата земја, но исто така и од фискален ефект поради прибирање на средствата за финансирање на своите основни функции.

Искуството на земјите со пазарен начин на стопанисување укажува дека пред се фискалниот ефект на државата се остварува преку данокот од добивка, данокот на потрошувачка и преку оданочување на придонесот за социјално осигурување. Така што има разлики од земји до земји. Но упросечено тоа би изгледало вака, околу една третина се финансира од данокот од добивка, околу една третина опаѓа на данокот на потрошувачка, една четвртина на приходот за социјално осигурување и четири до пет посто отпаѓа на данокот на имот.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:** (Продолжение)

Учеството на вкупните фискални приходи во општествениот производ варираат од земја до земја и се движат на околу 30% во сисоко развиените земји како што е САД, Јапонија, Швајцарија, до преку 50% во Шведска, Данска, а во просек оптоварувањето во Европската економска заедница изнесува околу 40% во висината на општествениот производ. Конкретно во Законот за данок на добивка сметам дека може во ова фаза да мине со изгласување во Собранието, но кај мене има одредена дилема кога се работи за тоа - дали _ физичките лица треба да бидат зафатени со данок од добивка. Дали тие не треба да бидат само оданочени преку персоналниот данок на доход, зашто какофаизички лица до крај се идентификувани.

Што се однесува до членот кој го регулира кој ќе биде даночниот обврзник а тоа е член 4, таму дословно стои дека обврзник на данокот од добивка е правното о физичкото лице, без никакво ограничување, па пак произлегува никаква дилема дали сите ако веќе стои така како што е напишано, дали сите физички лица треба да бидат обврзници за плаќање на данок. А еве зошто, заради тоа што ние имаме други закони во персоналниот закон за доход дека физичките лица, паушалистите ја имаат таа можност данокот да го плаќаат во паушален износ. Ако веќе персоналниот данок го плаќаат во паушален износот тогаш дали тие треба да бидат обврзници и по овој закон, за добивката. Затоа што со овој закон со добивка сите правни и физички лица, како што стои и според Законот за сметководство треба да водат книговодство. дали тоа ќе биде двојно или просто книговодство сите физички и правни лица треба да го водат, да поднесуваат полугодишни пресметки како и завршни сметки. Ако веќе тие како паушалисти поднесуваат полугодишни завршни сметки,

може од нивниот резултат да се утврди и добивката, а исто така и данокот од доход бидејќи ќе го плаќаат преку жиро сметка. Ете тоа е та дилема која кај мене стои во врска со член 4.

Инаку сметам дека овој закон како што е понуден конкретно кај даночните стапки кои пред донесувањето на овој закон што сега го имаме, Законот за добивка имавме околу 13 стапки, а сега со овој закон имаме 4 стапки, а со предложениот Нацрт на закон што е на дневен ред е предложено да има само една даночна стапка што значи, без разлика каде ќе се оствари добивката ќе биде еднаква оданочена. Дали ќе биде тоа во индустријата, трговијата, угостителството или било каде, на еднакво остварена добивка ќе се плаќа еднаква стапка, што е и насока во сите земји со пазарен начин на стопанисување. Кај мене има одредено размислување кое и пред мене го искажаа некои дискутанти дали стапката треба да биде околу 30%. Сметам дека во Предлогот на законот оваа стапка треба да се преиспита и да има не само фискален туку и развоен ефект.

Имам одредена забелешка на членот 18 каде нема доволно прецизирање и јасно дефинирање. Сметам дека во Предлогот на законот тој ќе треба децидно да се дефинира. Еве зошто станува збор. Членот 18 гласи за членовите на управниот одбор или за акционерите, трошоците за користење на патнички возила, храна и пијалоци, за подароци, за набавка на станови што не се во функција на одвивање на дејноста, не се признаваат ако одбивни стапки во даночниот биланс". Според мене не е доволнојасно кој е тој што ќе утврди дали навистина овие трошоци од овој член се или не се направени одвивање на дејноста на даночниот обврзник. Сметам и ако остане овој член како е предложен треба јасно да се дефинира и прецизира.

Исто така одредено прецизирање според мене , треба да има и во членот 33 кој што исто така не е доволно прецизен, а се работи за даночно ослободување во врска со ново вработување. Овој член во оваа верзија вака стои "во првата година за ново- вработени лица со кои се зголемува бројот на вработените, ќе бидат ослободени на сразмерниот дел од добивката остварена на овие лица". Сметам дека многу тешко ќе биде утврдувањето на тој сразмерен дел на ново вработените лица. Според мене би требало да добие некоја подруга формулација која ќе биде јасна и за даночните обврзници и за даночната инспекција која што треба тоа да го контролира.

Инаку сметам дека овие закони треба што побргу да дојдат во фаза на Предлог закони за да би можеле да се применуваат онака како што стои во самите закони од 1.о1.19 94 година. Според мене рокот можеби е доста краток, но сметам дека веќе еднаш треба да се утврди целосна регулатива во даночната сфера и еднаш треба да се утврди и начинот , а исто така многу битно е донесувањето на закон за управите за јавни приходи/кој што пред неколку точки го утврдивме, а за што исто така утврдивме дека треба да оди во две фази за да би можело овој закон да се спроведува. задолжително е потребно заедно со сите закони од даночната сфера, во исто време да се донесе и законот на Службата за јавни приходи која што ќе биде на некој начин оној сегмент што треба да ги оживотвори овие закони во животот. Со донесувањето на овие закони и даночната администрација онака како што се вели во нејзината големина но исто така и нејзината опременост треба да биде навистина на ниво за да може сите овие закони што ќе се донесат кои, по се изгледа, ќе донесат доста новини, но исто така ќе треба да обезбедат и доста регулирано фискално полнење на буџетот, би требало на некој

начин да се усогласат и побрзо донесат. Ете тоа се моите видувања во врска со законот од данок за добивка , за кој што сметам како овој закон и другите два наредни закони треба што побрзо да дојдат во фаза на предлози на закони.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Љубисав Ивановски.

**ЉУБИСАВ ИВАНОВСКИ:**

Изгледа дека ние со овие наши закони сакаме и "паре и јаре" Сакаме да постигнеме и едно и друго , а тоа честопати е невозможно. Овде имавме прилика да чуеме дека овие закони базираат на научни сознанија на пракса на едно искуство и време што е пред нас и што во рамките на пазарната економија. Меѓутоа, кога подетално се погледаат тие воглавно задржуваат аспекти или елементи на задоволувањето на потребите на буџетска потрошувачка. Значи тој фискален дел, полнење на буџетот, без да се води сметка за развојниот елемент за социјалниот елемент и за поширокиот општествен аспект. Тука законодавецот паѓа во замка. Затоа што ако нема развој, ако нема стопанство, кое остварува доход, тогаш нема и данок на тој доход, зашто доходот го нема. Пред да се распадне Југославија, ние како Македонија технички - технолошки заостанувавме зад Европа 15 година а зад Америка и Јапонија зад 30 години. Јас би рекол дека за овие 2 години тоа растојание на заостанување, се плашам да не е повеќе од два пати. Вие гледате во какав состојба е македонското стопанство, кое што ако набрзо не почне да внесува техничко - технолошки иновации, тоа стопанство да почне да применува нови технологии, тоа стопанство практично ќе дојде, а и

дојде во една тешка заостанатост, непродуктивнсот, неекономичност итн. Ние наместо со овој закон да му дадеме место на тој елемент, на развојниот елемент, ние практично тие го ограничуваме со некои 20%. Па 100% господа ако сакаме да ги натераме стопанските организации да инвестираат и тука ни стои елемент може да се решава и прашањето на вработување. Ако се градат нови фабрики, нови објекти, нови погони треба и нови работници. Тука можеме да го решиме прашањето и на вработувањето како и да ги решиме прашањата по сите економски елементи и тука треба да ни биде интенцијата. Ние сакаме да привлечеме странски капитал. Видете оние мали земји како нас што се во развој колку "огромни бенефиции даваат на странскиот капитал за да можат да влезат. кај нас тешко ќе влезе и од други причини. Меѓутоа, кога еден ден тие причини ќе нестанат на почне да влегува тој капитал, влезе само ако тој што вложува биде потполно ослободен од данок од добивка. Овде се предвидува ослободување за две години. Меѓутоа, кои може да врати пари за две години и кој ќе дојде за две години да инвестира. Потребни се најмалку 5 до 10 години. Треба такви ослободувања ако сакаме навистина да привлечеме капитал. Ако мислиме дека некого ќе излажеме да донесе пари и овде да инвестира ние многу се лажеме. Затоа ни зборува искуството од изминатите 2 0 години дека ние какви год мангупски закони донесувавме мислевме дека некого ќе привлечеме ќе излажеме со тоа, покажа дека никој ништо не инвестирал. Или пак некој инвестираше во памет во хартија, а кажете кој чист капитал досега вложил? Никој Затоа овој закон мора тоа да го содржи, тој елемент јасно и гласно. И се она што ќе се инвестира треба да биде ослободено од данок од добивка затоа што на непосреден начин тие средства пак ќе се остварат во буџетот, преку таа инвестициона активност.

VII/б.-

Овој закон мора да има социјална компонента, мора да се ослободат од добивка вложувањата како што тоа го прави светот, во здравствени објекти во градинки во црковни објекти и во образовни но во сите оние објекти што имаат социјален карактер. Тоа така и светот го прави. И ние мораме тоа да го направиме.

И на крајот тој поширок општествен карактер. Знаеме во каква состојба ни е културата и спротот. Една нација ако нема културен дух, ако нема култура за таа нација не може да се зборува за цивилизирана нација и за културна нација. Една нација која нема развиен спорт низ што ќе се афирмира или по што ќе биде позната таа нација вели здраво тело здрав дух, само тоа ние мораме во тие полиња, како тоа што го прави светот, она што ќе се инвестира каде што ќе се вложува,,а не вака како што предлагаше Перо со реклами, туку со инвестиции во спортот во културата, тој дел мора да се ослободува со зафаќање од данок на добивка. Ете во таа насока мора законот да се преработи и да биде во функција на пазарната економија, да биде. во функција на стопанството, да биде во функција на народот на државата итн.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Милковски.

**СТРАШО МИЛКОВСКИ:**

Јас исто да кажам дека го подржувам Нацртот на законот затоа што во основа е работен на определбата за изработка на нов современ и ефикасен даночен систем кој што целосно кореспондира со промените во општествениот, економскиот и стопанскиот систем.

Меѓутоа имам две забелешки и тоа:

Првата е дека наполно се согласувам со забелешките што беа искажани во поглед на ослободувањето на добивката од данок доколку добивката биде употребена за развојни цели односно за инвестиции, едноставно затоа што само развојот и инвестиционите вложувања ги отвораат светлите перспективи на секој народ. И познато е старото правило дека оној кога во моментот престанува да мисли на развојот, го најавува своето паѓање односно својот крај. Затоа моја определба е и сугестија дека во законот во натамошната разработка да има 100% ослободување од данокот на добивката ако добивката биде употребена за развојни цели.

И втората забелешка е во однос на дел од текстот на Комисијата за економска политика и развој, кој што текст го прифаќам но со една забелешка во делот каде што се препорачува стапката на оданочувањето да биде намалена за текстилната индустрија. Мислам дека во овој момент секако дека треба да се земе предвид и ситуацијата во градежништвото затоа што во последен момент градежништвото ја последната битка за својот опстанок. Јас не би сакал да кажам дека ќе дојдеме во ситуација кога повторно ќе ни треба градежништвото и треба сите да бидеме свесни дека во тој случај средствата за воспоставување на ново како имаме старо. Затоа сметам за потребно да се размисли при намалување на стапката, да се употреби многу помала стапка и за градежништвото кое што ќе биде во третман како и текстилната индустрија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Гошев:

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Почитувани пратеници овие закони ги чекавме долго време да стигнат на дневен ред, а од содржината на некои гледаме дека не се баш толку многу сложени и тешки и просто е чудно зошто толку мораше да се чека за да стигнат во собраниската процедура.

Неколку принципи, а особено се важни кога се подготвуваат вакви закони односно законите за оданочување.

Прв важен принцип е даноците да бидат ниски. Оптоварувањето да биде мало.

VIII/1.рд/јс

**ПЕТАР ГОШЕВ: (**Продолжение)

Тоа е многу важно значи стапката да биде ниска, или стапките да бидат ниски.

Второ, да постои ригорозна дисциплина во наплатата што се разбира,:не е предмет сега на овој закон.

Трето, постои оданочување на приходите само еднаш, односно добивката да не се оданочува повеќе пати низ тој механизам на оданочувањето со повеќе прописи.

Четврто, да биде применет принципот на универзалноста што ќе рече, сите се даночни обврзници и граѓаните се сите, и претпријатијата се сите даночни обврзници и многу е важно, концепциите се разликуваат даноците да бидат со еднакво оптоварување, што е исто така предмет и на овој закон.

Петто, да постои едноставна процедура при собирањето, наплатата на даноците, што не е предмет на овој закон.

Од концепциска природа овде слушнавме едно залагање кое што е спротивно на она што се нуди во законот. На пример, да се води сметка за развојниот елемент. Едната напомена е сосема во ред која што бараше ослободување од инвестираната добивка, другото барање е да има диференцирани стапки на даноци за одделни дејности, што беше потенцирано во некои дискусии. Тука се работи за следното: дали даноците треба да имаат неутрално дејство врз развојната политика, дали треба да имаат; активно дејство врз развојната политика, одбележувајќи одредени приоритети, или дестимулирајќи одредени дејности. Јас го застапувам стојалиштето да имаат неутрално дејство и доколку има некои исклучоци тоа да бидат сосема минимални. Тоа исто стојалиште го имам и кога се работи за царините, бидејќи различни

разиграни даноци со многу стапки, со различни стапки и различни царини имаат свое дејство врз ценовната политика, некогаш сум говорел за тоа, вршев дисторзија на ценовните односи и на тој начин административната рака на државата влијае негативно на слободното формирање на цените и на она вистинско пазарно формирање на ценовните односи. Тоа во начело како принципи од кои што мислам дека треба да се поаѓа кога се подготвува концептот на законите за даноците.

Сега овие принципи погледнати низ примената на ова што следи овде во овој закон за оданочување на добивката. Мое лично мислење е дека овој закон концепциски е добро поставен во својата глобална ориентација, заради тоа што оданочувањето на добивката го врши со пропорционална стапка, прогресивно, значи 30% ќе плаќаат сите што остваруваат добивка. Мислам дека тоа е добро решение, но се разбира, можеме да дискутираме за тоа дали 30% е многу или 30% е малку. Дали може 25, дали може 20 околу тоа вреди да се разговара. Што покажува искуството? Земјите што се високо развиени имаат многу повисоки пропорционални стапки. И 40 и 50% можеби и многу повисоки. Земјите што се на пониско ниво на развиеност имаат многу пониски стапки за пропорционално оданочување. Оваа висина може да задоволува во еден момент, иако таа може да се прави и врз основа на билансните калкулации во тоа која е моменталната потрошувачка, јагмата, а од тука да се изведува стапката, сепак да се проектира стапка на пропорционално оданочување која што ќе биде поврзана со една ригорозна политика на заштеди во сферата на јавните приходи. Но, ако се споредува со нешто што сме имале, може да се каже дека имаме задоволително поместување надолу.

Значи, основната концепција јас ја прифаќам на овој закон и во таа смисла го поддржувам.

Неколку забелешки и сугестии,.врз основа на овие принципи што ги говорев. Прво, двојното оданочување дали го елиминира или не го елиминира овој закон. Неговите одредби покажуваат дека не го елиминира двојното оданочување на добивката.

Прво, немаме решение кое што на пример, ќе каже дека ако еднаш се оданочи добивката на претпријатието, потоа не треба да се оданочува дивидендата на тие што ќе ја поделат добивката на тоа претпријатие. Тоа е една забелешка што покажува двојност во оданочувањето ако се определиме за тој принцип и ако постојат земја каде едните го исклучуваат тоа, а кај другите постои. Тоа се варијации на тема затоа што не можеме да се определуваме. Дека двојно се оданочува покажува и член 13. Примањата на вработените во основа на учество на добивката не се изземаат од основицата. И тој елемент исто така покажува за двојност во оданочувањето и мислам дека за тоа треба да се подразмисли во наредната фаза кога ќе се подготвува овој закон.

Второ, не е добро, и чисто социјалистички пристап е пренесен од претходните закони, кога вели дека ги ограничуваме износот на средствата за промоција, пропаганда, реклама кој што треба да се изземат или да не се изземат од основиците за оданочување. Тоа го имавме. Овде имаше предлози до 5%. И тоа не е добро, тоа е подобро, но и тоа не е добро, заради што пропагандата и рекламата е прашање на одлука на сопственикот на претпријатието. За тоа може да размислува но тогаш ако имаме во вид дека целата сопственост е социјалистичка, општествена итн. а сами се плашиме од репрезентациите и пропагандите на директорите можат да бидат злоупотреба. Но, ако се работи за приватниот капитал инвестицијата во реклама и пропаганда е

самото работење во тоа претпријатие и тој троши од својот капитал за тоа. Значи тоа е исто така, не е добро решение кое што е понудено и мојот предлог е да не стои, тоа е членот 19.

Трето, стимулирањето на инвестициите од добивката за тоа говореше и г-динот Иванов и други дискутанти, г-динот Георгиев, Страшо говореше, тоа треба целосно да се изземе, треба да се стимулира максимално секој динар од добивката реинвестиран во претпријатие, тоа или друго треба да биде ослободен од даноците, не со вакви ограничувања 20 или "Не е важно колку.

Четврто, овој закон не го стимулира донаторството, а тоа е многу важно и тоа е во сите земји стимулирана работа, донаторства од разни видови од хуманитарна и друга природа кој треба да бидат исто така вградени во овој закон како принципиелна определба.

Петто, не е добро во овој закон, она што исто така го изнесов и на Комисијата секој 15-ти во месецот да се плаќа аконтација во услови кога претпријатието не знае дали има добивка или нема добивка, во услови кога не направиле тримесечна периодична пресметка. Инаку принципиелно добивката се утврдува на крајот на годината со завршната сметка, а државата овде имплицитно ја вградува својата немоќ во борба против инфлацијата и априорното сметаме дека и натаму ќе работиме со висока стапка на инфлација и се плаши од обезвреднуваното на средствата. Нека се бори државата за соборување на инфлацијата, нека направи стабилна валута, тоа е нејзина задача, а задача после на даночните обврзници да си платат толку колку што ќе им биде одредено со даноците. Но, таа практика кај нас е позната и многу караници имало во врска со тоа колку однапред и зошто однапред. Ако некое претпријатие влезе во загуба заради тоа што треба да плаќа даноци или

она што потоа ќе го чујат овие обврзници дека на крајот ќе ти бидат вратени средствата, а тоа него во тековниот период многу го оштетува, тоа не се добри одговори кога се брани ваквиот начин на аконтактивно плаќање на данок од евентуално остварена добивка. Значи што би овде можело да биде во врска со тоа во најлош случај за претпријатијата ако прават пресметки за три месеци, барем тогаш да упалтат нешто или за шест месеци, или на крајот на годината. Донаторството за спортот исто така го поддржувам исто така апсолутно давачките со ослободувањата каде што имаше овде две до три дискусии.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Со овој закон, фактички, Собранието уредува дел од условите за стопанисување за стопанските субјекти. Меѓутоа, иако имаме одделни измени од предлогот за донесување на закон, сепак предлагачот не се ослободил од фискалната улога на данокот од добивка а исто така не се ослободил од влијанието на се уште доминантната општествена сопственост врз средствата за производство. Затоа, во Предлогот на законот, кој што треба да биде поднесен пред пратениците за усвојување, би требало да бидат прифатени поголем дел од забелешките што беа дадени од пратениците, а одделни дилеми и предлози би ги искажал и во ова мое излагање. Имаше забелешка зошто Законот, ние во Комисијата за финансирање и буџет водевме расправа во врска со тоа прашање, зошто Законот во својот наслов не го носи називот Закон за данок од добивка на корпорации. Можеби заради тоа што не е утврдено значењето на зборот корпорации и можеби заради тоа што пред донесувањето на Законот за данок од добивка требаше да уследи законот за претпријатие, Законот за трговските друштва, за јавните претпријатија и регистрацијата на субјектите кои вршат дејност на територијата на Република Македонија. Можеби заради тоа, останува

двојството,г;што за мене сепак е позитивно но мислам набргу со промена на другите законски прописи треба да се отстрани што претставува правно а што физичко лице во поглед на вршењето дејност на територијата на Република Македонија. Постојат системи доаѓаат странци кај нас и сосема е необјасниво на странец кој сака да вложи капитал за вршење дејност во Републиката да му се објасни дали сака да се регистрира како правно или физичко лице. И токму заради тоа сметам дека и досегашната практика на примената на оданочување на физичките лица се тргнуваше од оданочувањето на вистински остварениот доход, приход кај физичкото лице, додека постоеја занимања за кој данокот се утврдуваше паушално. Затоа би требало во одделните законски проекти кои ќе ги носиме да се отстрани обврската која што сега постоеше регистрација на физички лица, за вршење дејност во подрачните единици на Министерството за стопанство,така да целокупната регистрација на субјект кој сака да врши дејност да се префрли надлежните судови за регистрација. На тој начин, можеби и ќе се надмине двојството во членот 4, односно дилемата дали и физичките лица и би требало да плаќаат данок од добивка. Сосема децидно може во Законот да се каже дека оние занимања што ќе бидат утврдени со Одлука на владата а се во изумирање или ретки, не плаќаат данок од добивка, или пресметувањето на данокот ќе биде според двојното, простото книговодство. Затоа, сметам дека во позитивна смисла прифаќањето на решението според сегашното значење на зборот физичко лице кое врши дејност која се оданочува според вистински остварениот доход да му се утврди обврска за плаќање данок од добивка, за да се избегне можноста во даночните пријави за оданочување ја намалуваат даночната основица, затоа што не им се признаваше категоријата плата или личен доход на лицето кое е носител на вршењето дејност. Конкретните предлози кои што во писмена форма

не ги доставив, можам да ги кажам Владата за да ги издвои и во предлогот на законот да ги има предвид тоа е стапката од данокот од добивка да биде пропорционална и да изнесува не 30 туку да изнесува од 10 до 15%. Понатаму стапката на данокот добивка за странски правни и физички лица кои вршат дејност на територијата на Република Македонија, а заради извоз, да биде пропорционална и да изнесува 5%. На тој начин се одбегнува можноста за нелојална конкуренција на странско правно физичко лице кое ќе врши дејност на територијата на Република Македонија во однос на домашните правни физички лица, меѓутоа, да обезбедиме услови за пласман на странски капитал на територијата на Република Македонија.

Во членот 29 зборовите на најмногу до 20% од даночната основа во својата дејност треба' да се избришат, така да на даночниот обврзник да му се намали даночната основа за целиот износ на извршените вложувања од добивката во нови инвестиции како реинвестирана добивка, без никакви административни ограничувања.

Понатаму во членот 31 предвидена е обврска за плаќање на данокот од добивка да се намали кај домашното, правно и физичко лице во висина ада сразмерниот дел на добивката која што му припаѓа на странското лице по основ на вложени средства, меѓутоа, доколку странскиот капитал изнесува најмалку 20 отсто од вкупно вложениот постојан капитал на даночниот обврзник по однос на домашното правно и физичко лице. Воопшто не е земено предвид странско правно и физичко лице, кое самостојно е регистриран за вршење дејност, ели сака да се регистрира свое правно и физичко лице за вршење дејност на територијата на Република Македонија и токму заради тоа треба а да се дополни членот 31 странско правно и физичко лице кое врши дејност на територијата на Република Македонија се ослободува од обврската за

плаќање данок од добивка за период од првите седум години. Исто така делот од добивката во висина на вложените средства за производство на вооружување и воена опрема и дел од добивката остварена од ваквото производство, како решение кое беше предложено во предлогот за донесување на закон треба да биде инкорпорирано и во предлогот на Законот. Данокот од добивка не треба да се плаќа на добивката што се остварува од вршење дејност во стопански недоволно развиени подрачја, во граничниот појас и во компактно заостанатите подрачја во Републиката,а исто така да од данокот добивка треба да бидат ослободени во висина на оние средства кои што ќе бидат наменети за хуманитарни установи и дејности од здравството, науката, културата, спортот и физичката култура. Исто така, имаме во стварноста одделни агенции, центри, фундации 4, коморски асоцијации кои што ги регистрираат, или сакаат да ги регистрираат странски влади, или меѓународни органи и организации и заедници кои што имаат непрофитен статус, а според сегашната законска регулатива би требало да добијат третман на правни лица според Законот за претпријатија на кој ќе им се наметне данокот од добивка кои што не го остваруваат. Затоа треба да се гради една формулација од плаќање данок од добивка се ослободуваат правните и физички лица, агенции, центри фондации, коморски асоцијации и друго кои имаат непрофитен статус, односно не вршат дејност заради добивка на територијата на Република Македонија. И уште еден предлог од плаќање на данокот од добивка би требало да се г ослободат банките и штедилниците, што сметам дека на свој начин ќе влијаат врз каматната политика и цената на капиталот. Во поглед на пресметувањето на утврдувањето, односно пресметувањето на плаќањето на аконтација на данокот од добивка би требало наспротив утврденото решение за плаќање месечна аконтација секој 15 во месецот да се утврди плаќање од данокот од добивка четири пати во годината.

**ХАМЕД АЛИУ:**

Господа пратеници, јас потполно се согласувам со некои дискутанти, а исто така и со една дискусија дека данокот од добивка треба да има неутрален карактер, а од друга страна ако го анализираме членот 43 каде пишува "Републичкиот завод за статистика до 10-ти во месецот го објавува процентот на порастот на цените на мало на Републиката од членот 29 став 2 од овој закон", тогаш стапката по членот од 30% е навистина преголема. Друга работа е дали Владата или предлагачот односно дали има механизам да го регистрира данокот, а тука доаѓаме до .заклучок од трговската клаузула да продадеш голема количина со мала заработувачка. Тогаш овие 30% и за фискалната политика би биле многу поедноставни.

Се согласувам дека во членот 29 да нема процент од 20^ туку да биде 100% поради развојната политика. Тоа би било регули- рано исто така со членот 30 каде има за ридско планинските подрачја и за пограничните појаси.

Во членот 31, ако ја знаеме нашата структура на граѓаните со каков капитал испонираат и ако ја знаеме структурата на нашето стопанство какво стопанство имаме каде е назначено 20%, по мене би требало да има одредена скала затоа што странските влзожувачи на капитал не се исти како нашите домашни.

**ГАЗМЕН АЈДЕРАГА:**

Почитувани пратеници, јас ќе изнесам некои мои видувања по однос на понудениот нацрт закон за данок од добивка.

Членот 14 го регулира прашањето на признавањето на пресметката на амортизацијата. Ставовите 1 и 2 од тој член не ги поддржувам и се залагам за целосно признавање на пресметаната амортизација во даночниот биланс, а не како што е речено во членот 14 а став 1 и 2.

Тоа го правам од причина што времето во кое живееме претставува време на голема раздвиженост, време на напредок, ера на електроника кога секој ден имаме нови и нови откритија. Непризнавањето на предвремената амортизација ќе го уназади развојот. Некој можеби ќе одговори дека тоа прашање е регулирано со членот 28, јас лично не се согласувам и со таа регулација и затоа се залагам за вакво решение.

Членот 19 го регулира прашањето на признавањето на издатоците за промоција, пропаганда и реклама и репрезентација да се признава до 3%. Исто така, наоѓајќи се во време кога настојуваме да го развиеме стопанството, се наоѓаме во време кога настојуваме да развиеме одредено производство, да освојуваме одредени пазари, во тоа време мислам дека стапката од 3% е неодржлива оти познато е во економијата дека во такви случаеви трошоците за реклама и пропаганда се многу повисоки, а не колку е речено односно предложено во нацрт законот 3%. Јас предлагам тоа да биде до. 10%.

Членот 26 го регулира прашањето на ставката на данокот добивка и се вели дека таа ставка ќе изнесува,30%., Во материјалот се образложува дека во развиените земји тоа е некаде 35 до 56%. Прифаќам такво образложение, меѓутоа, не можам да прифатам сега да биде така од причина што ние не сме развиена земја. Кога ќе стасаме до тој степен, прифаќам така да биде.

Се залагам за тоа членот 28, став 3, да се брише. Тоа е прашањето како се остварува даночно олеснување. Во ставот 3 се вели: "правото од ставот 1 и 2 на овој член обврзникот го остварува со поднесување на писмено правдање до Управата за јавни приходи врз основа на соодветна документација". Мислам дека со тоа ја усложнуваме работата и не треба така и затоа предложив тие. ставови да се бришат.

IX/3

Членот 29 се залагам за целосно намалување на даночната основа за износот на извршените вложувања и тоа за целиот износ на извршените вложувања. Ова го кажаа и многу други пратеници тука се развојните цели, ако го имаме тоа предвид, тогаш Молам така да се прифати.

Членот 33 дава олеснување по однос на тоа кои вработуваат невработени лица. Тоа го поздравувам м меѓутоа, такви работи предлагам да има и во членот 34, како што предложи господинот Поповски, а јас тоа би го проширил и би рекол, како што е предвидено во нацрт законот, го прифаќам предлогот на Поповски проширен со тоа тука да се признаат сите вложувања во инфраструктурата. Состојбите ни се познати. Заради тоа предлагам тоа да биде така прифатено.

**НАУМ СИМЈАНОВСКИ:**

Почитувани колеги, во мојата дискусија ќе се задржам на главата од овој закон која ја обработува проблематиката на даночните олеснувања и ослободувања.

Имено, мислам дека сите членови од оваа глава се дадени таква форма што постои можност за нивна злоупотреба. Мислам дека треба да се изградат подецидни критериуми како сите стопански субјекти би можеле да ги остварат тие даночни олеснувања . Се залагам за тоа овие даночни олеснувања да добијат поголем процент, но исто така се залагам за построги критериуми за добивање на тие даночни олеснувања.

Исто така моја забелешка во оваа глава посебно е во тоа што воопшто не е обработена проблематиката за која се имаме декларирано и таа е уставна категорија за која се залагаме како социјална држава. Мислам дека постои голем делокруг на дејности кои ја тангираат оваа социјална политика и социјала на една држава.

IX/4

Голема пракса е во сите западни земји овие програми од таа социјална политика доживуваат целосни олеснувања по однос на данокот и тоа по повеќе основи, како на субјектите кои се бават директно со таа политика како и стопанските субјекти кои остваруваат одредена стопанска активност во обавувањето на една ваква хуманитарна социјална политика.

Овие мои размислувања ги потврдувам и со фактите оти конкретно ние сме засегнати сега како држава што гледаме дека добиваме голема хуманитарна помош во овој момент, добиваме голема социјална помош од повеќе европски земји , гледаме дека околу таа хуманитарна помош се јавуваат мноштво инопартнери истата да ја дистрибуираат низ нашата држава. Тука се работи за големи финансиски средства кои надворешната заедница ги доделува, а за жал, македонските стопански субјекти не можат да влезат во реализација на таа помош токму поради тоа што од државата не добиваат одредени даночни олеснувања и при понудата на добивањето на оваа работа нормално не се конкурентни спрема ино партнерите. Мислам дека искуствата по оваа проблематика од западните земји треба да се користат и да се внесат во оваа глава во даночните олеснувања и ослободувања што, за жал, во овој нацрт закон воопшто не е обработено

**ВАНЧО МЛАДЕНОВ:**

Почитувани пратеници, бидејќи се јавувам малку подоцна се надевам дека нема да ми замерите што ќе се повторам со претходните дискутанти, меѓутоа тоа покажува дека тие прашања што беа до сега потенцирани навистина се важни и изготвувачот на овие закони, а оценката која ќе ја дадам се однесува на следните 2 прашања односно покрај нацрт -законот за данокот од добивка слични се мислењата и констатациите и по законот за персонален данок од доход и нацрт законот за даноци од имот.

IX/5

Основното што сакам да го кажам е сите наши граѓани правни и физички лица треба да сфатат дека данок треба да се плаќа и до колку сакаме навистина да градиме самостојна и суверена држава дека граѓаните и стопанските субјекти треба да бидат свесни и да прифатат една неминовност дека данок треба да се плаќа.

Она што сакам да го потенцирам е во тоа што изготвувачите на овие закони треба да го имаат предвид а тоа е состојбата во која се наоѓа нашата држава пред се она што беше истакнато дека во подолг период нанатад 5 и повеќе години со една стагнација во инвестирањето стагнација во развојот мислам дека нема никаква основа средствата кои ќе се остварат како добивка и кои во поголем случај треба да служат за проширување на продукцијата за изградба на нови објекти односно за инвестирање, да подлежат на даночна обврска. Поготово, велам во состојба во која се наоѓа нашата држава мислам дека такво решение воопшто не треба да се размислува, а камоли да биде доградувано во законот без оглед на големината на процентот кој се предлага да бидат зафатени тие средства.

„Јас„сум еден од тие што предлага таквите средства да бидат целосно ослободени од оданочување.

Исто така, бидејќи нашата држава е држава која треба да добие поширока афирмација во светот од таа причина мислам дека нашите емисари и оние кои имаат можност да ја претставуваат нашата држава, а тоа се пред се спортистите потоа одредени културни дејци и мислам дека овие дејности, барем во овој момент и во наредните 5 години навистина треба да бидат целосно ослободени од плаќање на данок за да можеме на тој начин да имаме што е можно повеќе донатори оние кои ќе можат навистина да придонесат да го стимулираат пред се и развојот на тие дејности односно на спортот на културата,а истовремено да придонесат за афирмација на нашата земја надвор од просториите на нашите граници.

IX/6

Од тука мислам дека овие моменти навистина треба да бидат сериозно прифатени од страна на изготвувачот во последната фаза на овој закон и навистина бидат изземени од било какво оданочување На тој начин ќе се даде придонес да се создаде поголем стимул за добивање поголем обем на средства кои ќе фигурираат како добивка, како чисти средства добиени од целото работење, а кои ќе можат подоцна да бидат на начин кој се предлага односно кој се дава како стимул да не бидат оптоварувани со никакви други давачки односно да бидат наменети токму за овие намени за инвестирање, за отворање на процесот на инвестирањето, бидејќи тоа е една сигурност дека / ќе имаме и социјална и економска сигурност на нашите граѓани а исто така и развој на другите области кои се значајни за нашата држава.

**ФАИК АБДИ:**

Повеќе од сигурно е дека и со овој закон се наоѓаме на една пресвртница како понатаму да се однесуваме кон процесот за создавање на нова вредност на нашата држава и мислам дека овој закон ќе мора да поприми една друга физиономија и се она што ние зборувавме денеска на оваа седница да го поттикнеме развојот во РМ за што се жал таа одредени колеги пратеници значи развојната компонента задолжително да биде земена предвид, понатаму социјалната компонента оти се декларираме како социјална држава, масовниот и врвниот спорт, масовната и врвната култура, се извинувам што морам да се повторувам со колегите , но ова го имам набележано.

Понатаму, дали можеме да се оттргнеме од некои закони кои едно време на предлог на ЦК на Македонија, ЦК на Југославија ги донесувавме овде во оваа куќа во овој Парламент, да кажам законот на ограничување на потрошувачката на патни, дневни трошоци, репрезентација, реклама, пропаганда итн. дајте да ги заборавиме овие работи и да ги оставиме на правните и физичките лица сами да

размислат за својата работа и сами да размислат што е поубаво за нив затоа што во светот најмногу се присутни патните и дневните трошоци, репрезентацијата, пропагандата и еден многу беден и сиромашен производ се продава со една убава амбалажа, но претходно и претходи една перфектна реклама, а гледаме на нашата телевизија и ние почнавме , дали украдовме или имаме своја оригинал пропаганда на одредени производи но се е тоа убаво се е добро и ќе мора и понатаму да вршиме една остра агитација на се она што правиме и што произведуваме да најдеме пазар. Значи, сум за тоа да нема ограничуваше на овие трошоци.

X/1.-ЛП/МЛ

**ФАИК АБДИ: (**ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Мора да се мисли на процесот на амортизацијата на основните средства. Амортизацијата е како еден многу важен елемент и што побрзото трошење на средствата и нивна замена со нови основни средства, тоа значи нов доход, нови вработувања и нова вредност. Мораме да знаеме дека живееме не во она време, живееме во ова време и во она идно време во кое сакаме да влеземе и мораме да го заборавиме она што го правевме едно време, па дури ја подјадувавме и амортизацијата и немаше ништо на крај, нема никаква добивка. Тоа е карактеристика на она што поминало, да го заборавиме.

Сигурно се сеќавате, пак да речам на она време по кое многу викаме и плукаме што значи сето тоа вкупен приход, колку средства се потрошени, амортизација, па ревалоризаци ја на амортизацијата, па релација на трошоците за увезените стоки итн., некој фиктивен остаток и мислам дека треба да се сведеме на она ниво на кое што е зафат и пак да го повторам оној збор, за што и вие зборувавте, да бидеме компатибилни на западниот свет, ниту повеќе ниту помалку. А колку ќе успееме во тоа, ќе зависи од нас самите, од нашите раководители на фабриките, од оној степен на амортизираност на работниците на основните средства дали повеќе и повеќе ќе одат во пензија па ќе дојдат други поосознаени, поопределени итн. стручњаци, тоа е пак наша интерна работа овде во Република Македонија, во нашата држава. Едно е важно ако ние појдеме по тој пат по кој оди западниот свет, сигурно ќе стигнеме многу побрзо до целта. А до таа цел мораме да одиме и со овој закон кој треба да даде импулс за вработувања, вложувања,во странство привлекување капитал итн. Сигурно нашите министри, нашата Влада ќе имаат малку помалку работа околу оформувањето на законот како Предлог на закон.

X/2.-

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Јас ќе бидам краток. Сакам да укажам на тоа дека ние многу расправавме за модели. Мислам дека граѓанските општества, па и некои други пред нив веќе измислиле модели. Познати се моделите на економската политика, познат е моделот на социјалната политика, познат е и моделот на даночната политика. Практично ние ако дојдеме во ситуација да ги препишеме тие модели и на економската и на социјалната и на даночната политика, ќе дојдеме во една многу конфликтна ситуација. Зошто? Еве, јас се прашувам, даночниот систем кој е ј прилагоден на Данска, Франција, Германија и др. со 18,5 илјади долари по жител, тоа е една работа и со еден голем економски развој и ние како држава која има 850 долари по жител сега треба да ги усогласиме тие односи. Ние пред малку рискутиравме за една голема јавна потрошувачка во државата. Да не кажам дека околу 85 илјади вработени во јавната потрошувачка на некој начин треба да се финансираат преку буџетот. Од друга страна имаме едно стопанство во колапс. Јас само ќе го цитирам мојот професор. д.р Раде Петровски кој е експерт за социјалната политика и тој често пати напоменуваше моделите се познати, меѓутоа, како сега да ги прилагодиме во овие наши услови". А тоа значи и даночниот систем и економската и социјалната политика треба да бидат~во заедничка меѓузависност во меѓуфункција, за да излеземе на некој начин од оној проблем од кој сакаме да излеземе.

Кога се работи конкретно за самиот закон, по мое мислење законот ги задоволува сите параметри, заради тоа што во прв ред, законот има и економска меѓутоа во себе има и социјална функција. Меѓутоа, има едно прашање: Дали сега она зафаќање кое претставува 30% од добивката оди во позитивна или негативна смисла. Јас мислам дека предлагачот на законот имал пред себе длабока анализа во таа смисла, во смисла на

X/3.-

тоа дека ако зафатиме 30% дали во таа ситуација не ја сечеме гранката на која стоиме. А тоа значи дека ќе немаме подобра акумулација, ќе немаме добри инвестиции, ќе немаме ново вработување и индиректно ќе има негативен одраз на севкупната социјална политика во нашата држава. Сега мислам дека и предлагачот веројатно дошол до сознание декаови 30% претставуваат некој просек меѓу развиените и неразвиените држави и гледате дека во самото образложение се вели дека во граѓанските општества зафаќањата се движат од 35 до 56%. Тоа е големо зафаќаше. Ако ние тоа го направиме сега во нашата држава, мислам дека премногу ќе ја исечеме гранката на која стоиме. Нормално, по мое мислење треба да се направи една голема рестрикција и рационализација и во јавната потрошувачка за да можеме на некој начин да се ослободуваме од овие стапки кои сега ги предвидуваме, а мораме да имаме такви стапки заради тоа што мора да постои здравство, образование, социјална заштита, култура и др. и во таа смисла се залагам да го прифатиме овој концепт на законот, го тоа што нормално предлагачот ќе ги има предвид сите овие искажувања.

Конкретно, бидејќи дискутирам во начело, сакам да се задржам само на членовите 29, 32, 34 и 35 односно 33 и 30. Дали е можно - сега така гласно размислувам, тоа не сум го проучувал доволно, меѓутоа размислувам во смисла на економскиот аспект - ако ние ги ослободиме до крај субјектите од 30% кои инвестираат во новите зафаќања, јас лично сметам дека наредните ослободувања се излишни. Зошто тоа го велам? Ако имаме едно поголемо инвестирање, тогаш самата инвестиција бара ново вработување и во таа смисла ние двојно го ослободуваме субјектот, за новото вработување и за новите инвестиции.

Х/4.-

Посебно сакам да го поддржам и излагањето на господинот Иванов, кој исклучиво кажа и не сакам да го повторувам дека овој закон има огромна социјална функција заради тоа што целокупната намена на зафаќањата е разрешување на одредени социјални проблеми во државата.

На крајот сакам да кажам дека го поддржувам Нацртот на законот и мислам дека понатаму не би требало многу да дискутираме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Јас би кажал една сугестија.

(Претседателот Стојан Андов излегува на говорница).

Јас мислам дека во расправата се дадени доста предлози со кои е корегирана концепцијата на овој закон на подобро во смисла на тоа повеќе да води сметка за вистинската пазарна определба кај нас. Мислам дека со тоа се охрабрува и афирмира добивката како основен интерес на оној кој стопанисува и стопанските субјекти ќе се поттикнат да се раководат од тој мотив за да можат натаму да ја организираат својата активност. Мислам дека се дадени многу добри сугестии и јас очекувам Владата многу внимателно да го разгледа тој дел.

Имам уште само еден предлог. Ние сме мала земја и засега се држиме, така да речам, на класичните определби како и секоја земја што оди во транзиција. Мислам дека ние мора да бараме и други патишта и други пробиви. Инаку, многу тешко би излегле од ситуацијата во која сега се наоѓаме. Имаме и доста долгови итн. Мислам дека во овој закон треба да создадеме можност овде да постојат и делуваат компании од било каде од светот, кои ќе се занимаваат со меѓународни трансакции, трансакции во меѓународната трговија и финансии, да развиваме и создаваме можност за таканаречените “Офшор компании", кои овде би биле домицилни, но би се занимавале со:услуги и активности секаде во

светот, овде би се искажувала добивката и со тоа овде би се наплатувал данокот на компаниите од таква дејност. Тој дел од добивката, таквата добивка, предлагам да се оданочува, не повеќе од 3%, 3 до 3,5%. Тоа е стапка која овозможува во другите земји каде што се јавуваат со своите активности добивката да се искаже дека веќе овде е оданочена и не може да биде било каде на друго место доведена во прашање, а од друга страна исто така многу би се зголемил интересот овде да се регистрираат такви компании. Сакам да ви кажам дека во Кипар само минатата година, која е година кога почнаа да делуваат и санкциите и кога на Кипар малку се фрли поглед од друга страна, 2.400 компании од таков вид, "Офшор компании" се формирани. Во Луксембург сега има нов закон кој тоа исто така доста добро го обработува и го јакне интересот, во Гано зоната во Швајцарија посебно е уредена таа проблематика, сега тоа е во најново време. За целиот овој регион на Југоисточна Европа, која најдобро ја познаваме заради областа во која сме долго и заради сличноста на транзицијата што се одвива, најпогодна земја сме за такво нешто, за таква концепција. .

Затоа, мислам дека треба да стои еден член во кој ќе се вели дека корпорациите или претпријатијата - ќе го земеме од оној закон кој ќе го донесеме - кои се регистрирани и постојат овде, а се занимаваат само со трансакции во меѓународната трговија и финансии, на добивката ќе плаќаат данок од 3%. Земјите што тоа го овозможиле многу повеќе пари заработуваат од споредните работи, од таксите за регистрација на компаниите, од можниот депозит кој тие компании сепак мора да го држат во националната банка, од вработувањето на луѓето, од други услуги, транспорт кој се обезбедува низ земјата. Таквите компании, во нивната надлежност би паднала и можноста во нашата земја да држат така да кажам царински складишта, големи складишта за меѓународна

X/6.-

трговија, овде би имало складови, па од овде да речеме кафе, памук, волна и други стоки во други соседни земји би ги извезувале тогаш кога би ги купиле. Таа стока не би била национализирана низ системот на царината кај нас и тоа овозможува навистина еден побрз подем на стопанството, ако внимателно го носиме. Ако се сеќавате, ние предложивме на времето со онаа одредба од Законот за патните исправи, каде стои дека странец може да има патна исправа од Македонија, да биде резидент, така рековме, а тој инаку не би ни дошол дуку за вакви работи би дошол, па и за таксата што е за пасошот, за патната исправа, таксата за регистрација на фирмата овде, данокот на добивката кој е мал, но тие добивки се обично големи кога ќе ги искаже и тоа не е многу важно,и потоа депозитите кои нужно ги држат во земјите каде што имаат такви активности.

Предлагам, предлагачот на прописот ова внимателно да го разгледа. Ако треба, може да му се помогне како стојат работите во другите земји, како е тоа решено за да можеме да се обидеме на оваа земја да и дадеме уште една можност поинаква од ова што сега го имаме и знаеме, од обидот само да спасиме некои претпријатија да подигнеме пак исти такви претпријатија какви имаме итн. Ваквите активности можат да донесат многу големи пари, силен светски бизнис овде да ориентираат. Многу е важно за тоа да се определиме и многу внимателно тој процес да го вградуваме во сите други потребни паралелни прописи и да останеме упорни на таа концепција.

(Претседателот Андов се враќа на своето претседавачко место).

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Ако никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок:

X/7.-

1. Собранието на Република Македонија го усвои Нацртот на законот за данок од добивка.

2. Собранието на Република Македонија оцени дека е потребно Владата на Република Македонија да изготви и на Собранието да му достави Предлог на закон, при што да ги има предвид мислењата и укажувањата содржани во извештаите на работните тела на Собранието, како и сите овие сугестии кои беа дадени на денешната седница во претресот кој сега го заклучивме.

3. Овој заклучок, заедно со извештаите на работните тела, да се достави до Владата на Република Македонија и Министерството за финансии.

Ве Молам, да утврдиме сега точен број на присутни.

(Повеќе пратеници велат "имаме сега").

Кој е за предложениот заклучок, Молам да крене рака?

60 пратеника гласаа за.

Дали има некој против? (1 пратеник).

Дали некој се воздржува од гласање? (1 пратеник)

Преминуваме на **<u>11-та точка</u>** - <u>Нацрт на закон за персоналниот данок од доход.</u>

Нацртот на законот и извештаите на Законодавно - правната комисија, Комисијата за финансирање и буџет, Комисијата за стопанство и Комисијата за економска политика и развој , ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок:

1. Собранието на Република Македонија го усвои Нацртот на законот з персоналниот данок од доход.

2. Собранието на Република Македонија оцени дека е потребно Владата на Република Македонија да изготви и на Собранието да му достави Предлог на закон, при што да ги има предвид мислењата и укажувањата содржани во извештаите на работните тела на Собранието.

3. Овој заклучок, заедно со извештаите на работните тела, да се достави до Владата на Република Македонија и Министерството за финансии.

Кој е за предложениот заклучок, Молам да крене рака?

60 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање?

2 пратеници се воздржаа од гласање.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Преминуваме на **12-та точка** - Нацрт на закон за даноците на имот.

Нацртот на законот, извештаите на Законодавно - правната комисија, Комисијата за финансирање и буџет, Комисијата за стопанство и Комисијата за економска политика и развој, како и забелешките на пратеникот Тодор Петров, ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

**ДИМИТАР ДИМИТРОВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, на овој закон имам само две забелешки и ги поврзувам со VI-от дел - Преодни и завршни одредби, каде што во членот 47 пишува: "Со денот на влегување во сила на овој закон, престанува да важи Законот за даноците на граѓаните" – тоа е еден закон - "Законот за стапките на

даноците на граѓаните", тоа е втор закон, "и Законот за данокот на промет на недвижности и права", тоа е трет закон. Во врска со третиов закон за данок на промет на недвижности и права имам забелешка затоа што претпоставувам дека поднесувачот на законот има еден пропуст што од постојниот закон, кој има три измени и дополнувања, во меѓувреме, не се земени два битни члена и тоа: во предложениот текст на страница 10, даночни ослободувања.

XI/1 ДВ/НД

**ДИМИТАР ДИМИТРОВ:**

Во овој предложен текст на страна 10 во член 27 каде се вели "данок на промет на недвижности и права не се плаќа", не е содржан и членот 4 точка 13 од постојниот закон. За да се има увид за што се "работи ќе го прочитам:

"Кога се врши замена на стан односно семејна станбена зграда меѓу граѓани во кои тие живеат со своите потесни семејства, кога се врши замена на деловни простории меѓу граѓаните во кои тие самостојно вршат дејност со личен труд, со средства во сопственост на граѓаните и кога се врши замена на земјиште меѓу граѓани заради групирање на земјиштето со цел за подобра обработка, што се докажува со уверение од надлежниот општински орган на управата. Ако еден од учесниците во замената прима разлика меѓу дадената и примената недвижност на разликата плаќа данок". Тоа е едниот член.

Вториот член од Законот за измени и дополнувања на Законот за данок и промет на недвижности и права, тоа е број 38 од 1990 година, членот 5 се менува и гласи: "од данок на промет на недвижности и права се ослободува даночниот обврзник кога средствата од продадената недвижност во рок од две години од денот на продажбата ги вложи за купување на деловна просторија, стан, односно за купување или за изградба на семејна станбена зграда за решавање на своите станбени потреби или станбени потреби на своето семејно домаќинство". Под членови на семејно домаќинство од ставот 1 на членот 1 се смета брачниот другар, децата родени во брак или надвор од бракот, родителите и други лица кои даночниот обврзник и неговиот брачен друга е должен според законот да ги издржува.

Дека се работи, по мое мислење за пропуст,укажува и мислењето од Владата на РМ доставено по пратеничкото прашање на пратеникот Горѓи Котевски. Ова мислење на Владата од 22.03.1993 година гласи: "Со член 4 точка 13 од Законот за данок на промет на недвижности и права е регулирано данок на промет на недвижности и права да не се плаќа кога се врши замена на стан односно семејна станбена зграда меѓу граѓани под услов тие да живеат во нив со своите потесни семејства..."

Според предложеното решение данок на промет на недвижности и права при замена на било која недвижност нема да се плака ако недвижностите се од иста вредност. Доколку еден од учесниците во замената дава недвижност од поголема вредност на разликата ќе плати данок. Ова е мислење од Владата. Затоа мислам дека се работи за пропуст во законот.

**ЏЕЛИЛ ТАИРИ:**

Почитувани пратеници, уште на почетокот сакам да кажам дека го прифаќам Законот за даноците на пимот. Меѓутоа уште во првата фаза кога беше овој >закон имав укажување дека казнените одредби се доста големи, ода100 до 200 плати заради тоа што некој не пријавил даночна обврска. Сметам дека ова се големи износи за што надлежност Министерство треба ,тоа да го има предвид бидејќи во практиката тоа и тешко се спроведува.

Во врска со одредбата на член 4 став 5 го поддржувам алтернативното решение каде што министерот за финансии треба да определи методологија за пресметување на пазарната вредност.

Исто така во врска со член 32 став 1, кога се зборува дека до 31 јануари секој даночен обврзник треба да ја пријави даночната обврска, мислам дека тука е потребна една преформулација со цел во наредните

години оваа работа подобро да се изведува, од причини да не ги врзуваме даночните обврзници стриктно секоја година до 31.XII. да биде крајниот рок да ги пријавуваат туку тие еднаш да влезат во евиденција и после даночните обврзници да ги обврзиме само да ја пријавуваат самопромената на имотот итн.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Почитувани пратеници, дами и господа, јас ќе бидам многу краток. Би сакал госпоѓата министерка да ми даде едно објаснување. Најправни во член 8 став 2. Цитирам: "намалувањето на данокот од став 1 на овој член се зголемува за секој пети член на семејството за 10%, но вкупното намалување на данокот не може да изнесува повеќе од 70%. Се прашувам дали со тоа не се стимулира наталитетот или пак јас погрешно го разбрав и дали тоа е во согласност со резолуцијата што овој Парламент во претходниот состав во врска со популационата политика во Македонија ја донесе.

Исто така во член 15 став 2 каде се вели: “данокот на наследство и подарок за обврзник од втор наследен ред се пресметува по стапка од 5%, а за обврзник од трет наследен ред или обврзник кој не е во сродство со оставителот данокот се пресметува со стапка од 10%. Се прашувам дали ова е во ред ако знаеме дека данокот на промет при продажба е околу 3%. Би сакал ова да се има во вид.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието на Република Македонија го усвои Нацртот на Законот за доноците на имот.

2. Собранието на Република Македонија оцени дека е потребно Владата на Република Македонија да изготви и на Собранието да му достави Предлог на закон, при што да ги има предвид мислењата и укажувањата содржани во извештаите на работните тела на Собранието како и забелешките на пратеникот Тодор Петров.

3. Овој заклучок заедно со извештаите на работните тела како и забелешките на пратеникот Тодор Петров -да се достават до Владата на Република Македонија и Министерството за финансии.

Кој е за предложениот заклучок, Молам да крене рака? (57 пратеници гласа за)

Дали некој е против? (2)

Дали некој се воздржува од гласањето? (2)

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Преминуваме на **точка 13** - Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за заштита на Охридското, Преспанското и Дојранското Езеро со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон со Предлогот на законот и извештаите на ЗПКЛ и на Комисијата за заштита на човековата околина ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?(Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за заштита на Охридското, Преспанското и Дојранското езеро.

Кој е за Молам да крене рака? (61)

Дали има некој против? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (1)

Констатирам дека. заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон?

Кој е за Молам да крене рака? (63)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува .од гласање?(1)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Отворам претрес по текстот на предлогот на закон.

Законодавно - правната Комисија поднесе амандман на член 2 став-1 и 2.

Отворам претрес, по амандманот на член 2 став 1 и 2 поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**СОФИЈА ТОДОРОВА:**

Се прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на закон.

Молам кој бара збор? (Никој).

Дали некој друг бара збор? (Никој) : закон.

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене. рака?) (61)

Дали има некој против? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (1)

Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување на Законот за заштита на Охридското, Преспанското и Дојранското Езеро.

Преминуваме на **точка 14** - Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за спречување на штетната бучава со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на Законот со предлогот на законот и извештаите на ЗПК и Комисијата за заштита на човековата околина ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за спречување на штетната бучава.

Кој е за молам да крене рака? (61)

Дали има некој против? (Никој).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница се се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за Молам да крене рака? (61)

Дали има некој против? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Отворам општ претрес по предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор,. го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон. ЗПК поднесе амандмани на членовите 2 и 3. Отворам претрес по амандманот на членовите 1, 2 и 3 поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Молам, претставникот на Владата да се изјасни.

**СОФИЈА ТОДОРОВА:**

Владата го прифаќа амандманот,

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за Молам да крене рака? (62)

Дали има некој против? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (1)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување на закон за спречување на штетната бучава.

Преминуваме на **<u>15-та точка</u>** - <u>Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за жичарите и ски-лифтовите со Предлог на закон.</u>

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на ЗПК, Комисијата за стопанство и Комисијата за заштита на човековата околина Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за жичарите и ски-лифтовите.

Кој е за Молам да крене рака? 61)

Дали има некој против? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (1)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за Молам да крене рака? (61)

Дали има некој против? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам општ претрес по предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот и предлогот на закон го ставам на гласање.

Кој е за Молам да крене рака? (61)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (1)

Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување на Законот за жичарите и ски-лифтовите.

**СТОЈАН АНДОВ:** (Продолжение)

Минуваме на **точката 16** - Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за станбени односи, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон со Предлогот на законот и извештаите на Комисијата за градежништво и урбанизам и ЗПК Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниов заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за станбени односи.

Кој е за, Молам да крене рака? (63 пратеници)

Дали има некој против? (Нема)

Дали има воздржани? (3 пратеници)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Кој е за, Молам да крене рака? (63 пратеници)

Дали има некој против? (нема)

Дали има воздржани? (нема)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

XII/2.-

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот. ЗПК поднесе амандман на член 1 став 1.

Отворам претрес по амандманот на член 1 став 1 поднесен од Законодавно - правната Комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го Молам претставникот на Владата да с произнесе

**СОФИЈА ТОДОРОВА:**

Владата го прифаќа овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Амандманот станува составен дел на текстот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, Молам да крене рака? (63 пратеници)

Дали има некој против? (никој)

Дали има воздржани? (1 пратеник)

Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување на Законот за станбени односи.

Минуваме на **<u>точката 17</u>** - <u>Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за превозот на патниот сообраќај, со Предлог на закон.</u>

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на Комисијата за стопанство и ЗПК Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниов заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за превозот во патниот сообраќај.

Кој е за, Молам да крене рака? (63 пратеници)

Дали има некој против? (никој)

Дали има воздржани? (нема)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за, Молам да крене рака? (63 пратеници)

Дали има некој против? (нема)

Дали има воздржани? (нема)

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

XII/4.-

Отворам општ претрес по Предлогот на закон,

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претрес,

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот. ЗПК поднесе амандман на член б.

Отворам претрес по амандманот на член б поднесен од ЗПК,

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Владата го прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Немаме амандман бидејќи станува составен дел на текстот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, Молам да крене рака? (63 пратеници)

Дали има некој против? (1 пратеник)

Дали има воздржани? (2 пратеници)

Констатирам дека Собранието го донесе. Законот за изменување на Законот за превозот во патниот сообраќај.

XII/5.-

Минуваме на **<u>точката 18</u>** - <u>Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за заштита на националните паркови, со Предлог на закон.</u>

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот извештаите на Комисијата за заштита на човековата околина и ЗПК Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниов заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за заштита на националните паркови,

Кој е за, Молам да крене рака? (62 пратеници)

Дали има некој против? (нема)

Дали има воздржани? (нема)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за , Молам да крене рака? (63 пратеници)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

XII/6.-

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на закон го ставам на гласање.

Кој е за, Молам да крене рака? (64 пратеници)

Дали има некој против? (нема)

Дали има воздржани? (1 пратеник)

Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување на Законот за заштита на националните паркови.

Минуваме на **<u>точката 19</u>** - <u>Предлог за донесување на закон со Предлог на закон и извештаите на Комисијата за заштита на човековата околина и ЗПК, Ви се .доставени односно поделени.</u>

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Собранието му, предлагам да го усвои следниов заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за заштита на националните реткости.

Кој е за, Молам да крене рака? (63 пратеници)

Дали има некој против? (нема)

Дали има воздржани? (нема)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака? (63 пратеници)

Дали има некој против? (никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (1 пратеник)

XII/7.-

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор ? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

ЗПК поднесе амандман на член 1 став 2.

Отворам претрес по амандманот на член 1 став 2 поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата,

Го Молам,претставникот на Владата да се произнесе.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Владата се согласува со амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Амандманот станува составен дел на текстот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на закон го ставам на гласање.

Кој е за, Молам да крене рака? (59 пратеници)

Дали има некој против? (1 пратеник)

Дали има воздржани? (2 пратеници)

Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување на Законот за заштита на природните реткости.

XII/8.-

Минуваме на **<u>точката 20</u>** - <u>Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за заштита на воздуход од загадување со Предлог на закон.</u>

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на Комисијата за заштита на човековата околина и ЗПК, Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниов заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за заштита на воздухот од загадување.

Кој е за, Молам да крене рака? (54 пратеници)

Дали има некој против? (нема)

Дали има воздржани? (3 пратеници)

Некој не гласал, очигледно.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за, Молам да крене рака? (56 пратеници)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (3 пратеници)

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

XII/9.-

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Пратеникот Тодор Димов поднесе амандман на член 1 став 1 со кој Владата се согласила и тој е составен дел на текстот на Предлогот на закон.

Молам,кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на закон го ставам на гласање.

Кој е за, Молам да крене рака? <59 пратеници)

Дали има некој против? (1 пратеник)

Дали има воздржани? (1 пратеник)

Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување на Законот за заштита на воздухот од загадување.

Минуваме на **точката 21** - Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за системот на просторното и урбанистичкото планирање , со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на Комисијата за градежништво и урбанизам, ЗПК и Комисијата за заштита на човековата околина Ви се доставени однос- но поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниов заклучок:

Собранието го усвојува Предлгот за донесување на закон за изменување на Законот за системот на просторното и урбанистичкото планирање.

Кој е за, Молам да крене рака? (59 пратеници)

Дали има некој против? (1 пратеник)

Дали има воздржани? (1 пратеник)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за, Молам да крене рака? (60 пратеници)

Дали има некој против? (1 пратеник)

Дали некој се воздржува од гласање? (1 пратеник)

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на закон го ставам на гласање.

Кој е за, Молам да крене рака? (63 пратеници)

Дали има некој против? (2 пратеници)

Дали има воздржани? (1 пратеник)

Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување на Законот за системот на просторното и урбанистичкото планирање

Минуваме на **точката 22** - Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за езерската пловидба, со Предлог на закон

XII/11.-

Предлогот за донесуваше на законот со Предлогот на законот и извештаите на Комисијата за стопанство, ЗПК и Комисијата за заштита на човековата околина Ви се доставени односно поделени

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниов заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за езерска пловидба.

Кој е за, Молам да крене рака? (60 пратеници)

Дали има некој против? (1 пратеник)

Дали има воздржани? (нема)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за, Молам да крене рака? (58 пратеници)

Дали има некој против? (1 пратеник)

Дали некој се воздржува од гласање? (2 пратеници)

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Пратеникот Тодор Димов поднесе амандмани на член 1 став 1, член 2 став 2, член 3 и на член 4 со кои Владата се согласила и тие се составен дел на текстот на Предлогот на закон

ЗПК поднесе амандмани на член 1 став 1 и на член 2 став 2, член 3 и на член 4.

Отворам претрес по амандманот на член 1 став 1 поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го Молам претставникот на Владата да се произнесе.

XIII/1.-jj/jc

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Владата го прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Одиме понатаму.

Отворам претрес по Амандманот на член 2, став 2 член 3, на член 4 поднесен од Законодавно – правната комисија. Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Владата го прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Одиме понатаму, продолжуваме со расправа по текстот на Предлогот на законот.

Молам кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот и предлогот го ставам на гласање

Кој е за Молам да крене рака (Пратениците креваат рака)

59 пратеници гласаа (за)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Нема)

Констатирам дека Собранието го усвои амандманот на член 2, став 2, член 3 и на член 4 поднесен од Законодавно - правната Комисија.

Минуваме на **дваесет и третата точка** - Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за железнички сообраќај.

XIII/2.-

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на законот и извештаите на Комисијата за стопанство и законодавно - правната Комисија Ви се доставени односни поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за железнички сообраќај.

Кој е за, Молам да крене рака? (62 пратеника)

Дали има некој против? (1)

Дали некој се воздржува од гласањето? (Нема)

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за, Молам да крене рака? (61 пратеник)

Дали има некој против"? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (1)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Дали некој бара збор (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Пратеникот Тодор Димов поднесе амандман на член 1, став 1, со кој Владата се согласила и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

- Кој е за, Молам да крене рака? (62 пратеника)
- Дали има некој против? (Нема)
- Дали некој се воздржува од гласање? (1 пратеник)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување на Законот за железнички сообраќај.

Минуваме на **дваесет и четвртата точка** - Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за патишта, со Предлог на закон.

- Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на Комисијата за стопанство, Комисијата за градежништво и урбанизам и Законодавно - правната Комисија Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам, претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок:

- Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за патишта.
- Кој е за, Молам да крене рака? (62 пратеника)
- Дали има некој против? (Нема)
- Дали некој се воздржува од гласање? (2)
- Констатирам дека Заклучокот е усвоен.
- Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.
- Кој е за, Молам да крене рака? (61 пратеник)
- Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Тодор Димов, поднесе амандман на член 1 став 1, со кој Владата се согласила и тој е .составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Законодавно - правната Комисија поднесе амандман на член 1 став 1 член 4 став 2, член 5 став 2 и на член 6 став 2.

Отворам претрес по амандманот на член 1 став 1, поднесен од Законодавно - правната Комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Владата го прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор? (Никој не бара збор).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Констатирам дека Собранието го усвои амандманот на член 1 став 1, поднесен од Законодавно - правната Комисија.

Отворам претрес по амандманот на член 4 став 2, поднесен од Законодавно – правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

XIII/5.-

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Владата го прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 5 став 2, поднесен од Законодавно - правната. Комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Владата го прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 6 став 2, поднесен од Законодавно - правната Комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Го Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Владата го прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со претресот по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање

Кој е за, Молам да крене рака? (62 пратеника)

Дали има некој против?,(Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (1 пратеник)

XIII/6.-

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување на Законот за патишта.

Минуваме на **точката 25** - Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за системот за врски за радио сообраќај и поштенски, телеграфски и телефонски сообраќај, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на Комисијата за стопанство и Законодавно - правната Комисија, ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување закон за изменување и дополнување на Законот за системите за врски за радио сообраќај и поштенски, телеграфски и телефонски сообраќај..

Кој е за, Молам да крене рака? (59 пратеници) .

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон?

Кој е за, Молам да крене рака? (58 пратеници).

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес,

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Тодор Димов поднесе амандман на член 1 став 1, со кој Владата се согласила и тој е составен дел на текстот на

Предлогот на законот.

Законодавно - правната Комисија поднесе амандман на член 1 став 1, на член 2 став 1 и на член 3 став 1.

Отворам претрес по амандманот на член 1 став 1, поднесен од Законодавно - правната Комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го Молам претставникот на Владата да се произнесе-

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Владата го прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 2 став 1 и на член 3 став 1, поднесен од Законодавно - правната Комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Се прифаќа амандманот,

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве Молам да ми дадете точен број пред да гласаме, на присутните пратеници.

(Се пребројува присуството на пратениците и се констатира дека има 62 пратеника присутни).

Кој е за, Молам да крене рака? (59 пратеника).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување на Законот на системите за врски, за радио сообраќај и поштенски, телеграфски и телефонски сообраќај.

Минуваме на **26-та точка** - Предлог за донесување закон за изменување на Законот за станбени задруги, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите. на Комисијата за градежништво и урбанизам и Законодавно - правната Комисија, ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување на законот за станбени задруги.

Кој е за, Молам да крене рака? (61 пратеник).

Дали има некој против? (Нема).

Дали има воздржани? (нема).

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот?

Кој е за, Молам да крене рака? (60 пратеника).

Дали има некој против? (1 пратеник).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Тодор Димов, поднесе амандман на член 1 став 1, со кој Владата се согласила и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Законодавно - правната Комисија поднесе амандман на насловот на Законот.

Отворам претрес по амандманот на насловот на законот, поднесен од Законодавно - правната Комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Владата го прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (60 пратеника).

Дали има некој против? (Нема).

XIII/10.-

Дали некој се воздржува од гласање? (1 пратеник).

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување на Законот за станбени задруги.

Минуваме на **точката 17** - Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата на Владата на Република Македонија и Владата на Република Бугарија за трговска и економска соработка, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на Комисијата за стопанство, Комисијата за надворешно - политички прашања и односи со странство и Законодавно - правната Комисија, ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на Закон за ратификација на Спогодбата на Владата на Република Македонија и Владата на Република Бугарија за трговска и економска соработка.

Кој е за, Молам да крене рака? (63 пратеника).

Дали има некој против? (1 пратеник).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека е усвоен заклучокот

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот. .

Кој е за, Молам да крене рака? (62 пратеника)

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, Молам да крене рака? (62 пратеника).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Спогодбата на Владата на Република Македонија и Владата на Република Бугарија за трговска и економска соработка.

Минуваме на **точката 28** - Предлог за донесување на закон изменување на Законот за безбедноста на сообраќајот на патиштата со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на Комисијата за финансирање и буџет и Законодавно - правната Комисија, ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, ѓо заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за безбедноста на сообраќајот на патиштата.

Кој е за, Молам да крене рака? (59 пратеника).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува? (1 пратеник).

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за, Молам да крене рака? (62 пратеника).

Дали има некој против? (Нема).

Дали има воздржани? )Нема).

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, Молам да крене рака? (60 пратеника).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување на Законот за безбедноста на сообраќајот на патиштата.

Минуваме на **точката 29** - Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за заштита и користење на земјоделско земјиште, со Предлог на закон.

XIII/13.-

Предлогот за донесување на законот со Предлогот и извештаите на Комисијата а земјоделство и шумарство и Законодавно - правната Комисија, ви се поделени, односно доставени.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за заштита и користење на земјоделското земјиште.

Кој е за* Молам да крене рака? ^

**СТОЈАН АНДОВ:** (Продолжение)

60 пратеници гласаа за.

Дали е некој против? (Не)

Дали некој се воздржува од гласање? (2)

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Кој е за, Молам да крене рака? (58)

Дали е некој против? (1)

Дали некој се воздржува од гласање? (Не)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Панчо Минов, поднесе амандмани за бришење на член 1 и за менување на член 47 за кој Владата не се произнела.

Пратеникот Авди Муртезани, поднесе амандман кој гласи: "По членот 1 се додава нов член 1-а кој гласи:Член 1-а Член 44 се брише.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 1 поднесени од пратеникот Панчо Минов.

Го Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПРЕТСТАВНИКОТ НА ВЛАДАТА:**

Владата не го прифати амандманот

XIV/2

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор?

**ПАНЧО МИНОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници со предложениот амандман се сака следното: Имено во Предлогот на Владата со овој член фактички се укинува улогата на општината во нејзиното учество во заштитата и користењето на земјоделското земјиште. Амандманот ја има спротивната цел, односно задржување на улогата на општината во користењето и заштитата на земјоделското земјиште.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Молам, пред да гласаме да утврдиме точен број на присутни пратеници.

Имаме 59 пратеници. Ве Молам да дојде уште некој пратеник за да имаме точен број на пратеници за да можеме да гласаме.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, Молам да крене рака? (30 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за менување на член 47 поднесен од пратеникот Панчо Минов.

**ЗУДИ ЕМИНИ:**

Бидејќи се сомневам во гласањето, барам поединечно да се гласа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали има 10 пратеници кои го подржуваат предлогот? (нема 10 пратеници)

Предлогот не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на член 1 да се додаде член 1-а кој гласи итн., од пратеникот Авди Муртезани.

Бидејќи Владата не се произнела, Молам Владата да се произнесе по амандманот.

**ПРЕТСТАВНИК ОД ВЛАДАТА:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Јас барам во иднина претседателот, бидејќи не ги знаеме сите заменици кога излегува ако е заменик повереник да го претстави да знаеме кој ја претставува Владата.

Друго, амандманот кој што е даден воопшто не е дадена копија од член 44 да знаеме на што се однесува. Излегува претставникот и вели не го прифаќа, без никакво образложение. Затоа мислам претставникот на Владата образложение се прифаќа не се прифаќа да зошто не се прифаќа за да знаеме да гласаме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве Молам,амандманот има образложение. Претставник на Владата го знаете министерот, а кога не е министер, а претставник е и заменикот, значи тој што дошол овде, е заменик.

**АВДИ МУРТЕЗАНИ:**

Кога беа извршени измените во дотичниот закон тогаш Уставот на Република Македонија не беше донесен. Фактички, ако ги гледаме одредбите на сегашниот актуелен устав членот 27, 30, , член 8, во врска со членовите 51 и 55 сметам дека со ова како што стои во образложението ќе се постигне целта да се изврши правен промет и сите

субјекти правни и физички се ставаат во исто рамниште. Тоа е целта и на демократијата и на овој економски систем за кој ние се залагаме.

**ПРЕТСТАВНИКОТ НА ВЛАДАТА:**

Господа пратеници, во Законот е предвидено дека кога се отуѓува земјиште најпрво да се понуди на соседот, оној со кој граничи земјиштето. Доколку тој не го купи за понудената цена, тогаш го купува друг од истата катастарска општина. Доколку и тоа не се направи, тогаш државата го купува земјиштето. Ова е затоа што ние во последно време имаме големо распарчување на земјиштето. Заради порационално искористување на земјиштето, за да можат механизирано да се извршуваат работните операции, затоа предлагаме да остане вака, односно да не се прифаќа амандманот и да не се распарчува земјиштето, и онака е многу распарчено.

**АВДИ МУРТЕЗАНИ:**

На заменикот на министерот јас едно прашање би му поставил и барам одговор. Досега колку земјиште откупила државата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Мината е точката делегатски прашања, а ова само се зема како прилог во расправата.

**ЏЕЛИЛ ТАИРИ:**

Почитувани пратеници, сметам дека амандманот на господинот Авди Муртезани треба да се прифати и тоа од многу причини меѓу кои и следната. Дека јас директно сум работел на оваа проблематика и верувајте дека со ова што се предлага битно ќе се подобрат доста околности, а ова што е предложено во предлог законот, верувај те тоа е едно чисто губење на време на странките кои вршат купопродажба од

еден град во друг, губење на време од една организација во друга, овде можеме комплетно да третираме еден бирократски предлог во однос на оваа проблематика. Во целост го поддржувам господинот Авди Муртезани кога вели дека со ваквото решение што го нуди Законот не може ниту еден хектар да се парцелизира. Овде ние и според Уставот не се вклопуваме и мора да влијае законот на пазарот. Ние ако сакаме драми да имаме во оваа област не ќе можеме да постигнеме окрупнување. Окрупнување ќе го врши повторно индивидуалниот посед, кога ќе има средства,пари ќе купи и ќе се определи само за таа дејност, а ние вака со административни мерки да можеме окрупновање да вршиме, за тоа можеме само да сонуваме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот,

Амандманот го ставам на гласање.!'

Кој е за, Молам да крене рака? (18 пратеници)

Констатирам дека амандманот не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 44 . поднесен од пратеникот Панчо Минов.

Дали некој бара збор?

**ПАНЧО МИНОВ:**

Овој амандман е во корелација со првиот амандман од мене што не се усвои и навистина е многу чудно како многу лесно едно укинување на една надлежност од општините, така бегло се прифати овде во Собранието. Само да спомнам дека за најмала надлежност во секоја

демократска земја, кај што има развиен парламент со години се расправа за онаа надлежност ако се помести било на која релација. Што сака да каже овој амандман? Овој амандман има цел да не се заваруваме дека се работи за некоја голема државничка работа, туку се работи за тоа средствата кои се со законот за користење на земјоделското земјиште и тоа ако кажеме земјоделско земјиште се обработува а не се користи и оданочувањето со тоа што не се користи на тие граѓани што се сопственици, тоа е едниот извор на средства, а вториот извор на средства, средствата кои се плаќаат во случај на пренамена на земјоделско земјиште, ако истото се пренамени со утврдување на некоја локација за градба и третиот извор на средства е давањето на општественото земјиште под закуп. Во сите овие три случаи се работи за користење односно за заштита на земјоделско земјиште. Не се работи за земјишна политика. Тоа е неспорно, меѓутоа, државничка работа таа треба да биде и да се води за сите во Република Македонија. Не е порационално тоа да се концентрира на ниво на Република. Јас вас ве уверувам дека граѓаните од селските месни заедници како претежен дел од ова општествено земјиште, така наречено фондовско земјиште.

XV/1. -JJ/МЛ

**ПАНЧЕ МИНОВ :** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Тие тоа го чувствуваат како сопствено и секое користење на тоа земјиште, сметаат дека тој приход треба да остане таму каде што се остварува, пак за иста намена, пак за заштита за развој и за унапредување на земјоделството, односно за освојување на нови земјоделски површини. Во таа смисла е и овој амандман, средствата да не се концентрираат во Републичкиот буџет, туку во општинскиот буџет каде што е порационално, состојбите повеќе се знаат, истите да се распределат за истата намена во функција на земјоделството, во функција на освојување на нови површини. Сега состојбата е истите средства од месна заедница од некое село, од некоја општина во Републиката во надлежното министерство се бараат средства, се доаѓа од Републиката се бараат повратно, се молат, да не кажам за да се вратат таму каде што се оствариле. На лице место закупот на фондовското земјиште е во таква состојба што бесправно се освојува, не се склучуваат договори, не се остварува никаков приход и тоа што е, порационално да се концентрира на ниво на Република и да се уплатува во Републичкиот буџет, тогаш состојбата и практиката е многу поинаква. Во интерес токму на тоа земјоделство предлогот е и нека има еден пример од надлежноста на Републиката да се пренесе на општината. Еве ова нека биде првиот пример. Не е тоа голема надлежност, зашто и на општината и следува да се развива во поглед на земјоделството.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор?

Има збор заменикот министер за земјоделство.

XV/2.-

**ЗАМЕНИК МИНИСТЕР ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО:**

Досега овие средства се уплатуваа во Републиката, само тие средства се уплатуваа на посебна жиро сметка во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство. Меѓутоа, со макроекономската политика предвидено е сите средства да се концентрираат во Буџетот, односно се укинат сите жиро сметки во министерствата и тој прилив да оди во Буџетот. Од Буџетот овие средства ќе одат наменски, најголем дел за освојување на нови површини. Доколку би оделе средствата по општините како што предлага господинот Минов, тие се толку минимални средства и верувам дека ниедна општина не може да освои никаква површина со тие средства. Затоа перманентно се прават програми. Една година користи една општина, друга година користи друга општина од тие средства и на тој начин сметаме дека со тоа ќе придонесеме повеќе, односно ќе освоиме поголем дел од површините. Затоа се предлага овој предлог.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам. на гласање.

Кој е за, Молам да крене рака?

Ми укажуваат некои пратеници дека немаме право да извршиме гласање и прво треба да го утврдиме точниот број на присутни пратеници.

- Молам да го утврдиме точниот број на присутни пратеници во салата.

(Се врши пребројување на присутните пратеници)

XV/3.-

Педесет и шест пратеници се во салата.

Ве Молам повикајте уште ако има. Ако нема повеќе пратеници и ако не сме во состојба да собереме сега, имаме овде сега овој закон да го довршиме и уште 30 и 31 точка, 32-та е повлечена потоа останува 33, и ако треба за тоа повеќе време, предлагам во понеделник да продолжиме во 10 часот за да можеме да работиме во вторник на 64-та седница.

Ве Молам во понеделник во 10 часот.

(Седницата прекина со работа во 17,40 часот).